СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шеесет и третата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 13 март 1997 година

Скопје, март 1997 година

## ШЕЕСЕТ И ТРЕТА (63) СЕДНИЦА, ОДРЖАНА НА 13. III.1997 ГОД.

СТР. 2 и 3

Дн. ред: ИНФОРМАЦИЈА ЗА АЈКТУЕЛНАТА СОСТОЈБА ПРЕДИЗВИКАНА СО ПРОТЕСТИТЕ ВО ВРСКА СО ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАЗИЦИТЕ НА КОЈ СЕ ИЗВЕДУВА НАСТАВАТА НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" ВО СКОПЈЕ И ЗА НАЧИНИТЕ И ФОРМИТЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА МЕЃУЕТНИЧКИТЕ ОДНОСИ ВО РАМКИТЕ НА УСТАВОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НИЗ ИНСТИТУЦИИТЕ НА СИСТЕМОТ;

И ОД ГРУПА ОД 38 ПРАТЕНИЦИ ПОДНЕСЕНА Е: ПРЕДЛОГ НА ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА МЕЃУЕТНИЧКИТЕ ОДНОСИ ВО ДУХОТ НА ТОЛЕРАНЦИЈАТА, ДИЈАЛОГОТ И ВЗАЕМНОТО ПОЧИТУВАЊЕ И ДОВЕРБА.

1. АНДОВ СТОЈАН 23, 27, 34, 50, 52, 54, 55, 57
2. АРСОВСКИ БРАНКО 39, 40
3. АБДИ ФАИК 104, 111
4. ВЕЛКОВСКИ ДИМЕ
(од Сојузот на студентите) 19
5. ВАНГЕЛОВ АТАНАС 81, 87
6. МУРАТИ ЏЕЛАДИН 62, 69
7. ПЕТКОВСКИ ТИТО (ПРЕТСЕДАВА) 1, 36, 53
8. РУЖИН НАНО 75, 78
9. РАМАДАНИ ИСМЕТ 91, 94
10. СТЕФАНОВСКИ БЛАГ0Ј 37, 56
11. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР 116
12. ФРЧКОВСКИ ЉУБОМИР 42, 43, 55
13. ФИЛИПОВСКИ БЛАГОЈА 97, 102
14. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО 4, 12, 58

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Шеесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 март 1997 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала I, со почеток во 11,35 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ја отворам Шеесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети: претседателот на Републиката, господинот Киро Глигоров, претседателот на Владата на РМ, господинот Бранко Црвенковски и члeновите на Владата на РМ. Понатаму, поканети се претседателот на ВМРО-ДПМНЕ господинот Љубчо Георгиевски, претседателот на ДП господин Петар Гошев, претседателот на Сојузот на студентите на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" во Скопје, г-дин Диме Влековски и претставниците на Организациониот одбор на студентските мирни протести на Сојузот на студентите на Педагошкиот факултет "Свети Климент Охридски" - Скопје, при Универзитетот "Кирил и Методиј" во Скопје.

Дозволете ми ваше и во мое име да им ги честитам родендените на пратениците Ристо Масев и Пецо Стојановски и да им посакам успех во работата, добро здравје и лична среќа.

I/2.-ДВ/МЛ

Дами и господа пратеници,

По барање на Пратеничката група на Либералната партија и пратениците Томислав Стојановски, Сали Рамадани и Хисен Рамадани, а по предлог на Владата на РМ ја свикав оваа седница на која Собранието ќе расправа по - Информацијата за актуелната состојба предизвикана со протестите во врска со примената на Законот за јазиците на кој се изведува наставата на Педагошкиот факултет "Свети Климент Охридски" во Скопје и за начините и формите за унапредување на меѓуетничките односи во рамките на Уставот на Република Македонија и низ институциите на системот.

Поради значењето на прашањето за кое ќе се расправа на оваа седница, предлагам дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други прашања.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (60 пратеници).

Дали некој има против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеника).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

- Информација за актуелната состојба предизвикана со протестите во врска со примената на Законот за јазиците на кој се изведува наставата на Педагошкиот факултет "Свети Климент Охридски" во Скопје и за начините и форми^е за унапредување на меѓуетничките односи во рамките на Уставот на Република Македонија и низ институциите на системот.

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака? (77 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеника).

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Преминуваме на работа по дневниот ред.

- Информација за актуелната состојба предизвикана со протестите во врска со примената на Законот за јазиците на Кои се изведува наставата на Педагошкиот факултет "Свети Климент Охридски" во Скопје и за начините и формите за унапредување на меѓуетничките односи во рамките на Уставот на Република Македонија и низ институциите на системот.

Ве известувам дека група од 38 пратеници поднесе Предлог на декларација за унапредување на меѓуетничките односи во духот на толеранцијата, дијалогот и взаемното почитување и доверба, кој ви е поделен.

Воведно излагање по оваа точка ќе поднесе претседателот на Владата, господинот Бранко Црвенковски.

Има збор претседателот на Владата, господинот Бранко Црвенковски.

I/4.-

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Република Македонија се наоѓа во една извонредно сложена ситуација на политички, економски, социјален и мислам дека без големо претерување може да се каже и безбедносен план.

Дел од причините за оваа ситуација се од надворешен карактер, заради збиднувањата во соседството и пошироко во регионот, но, еден добар дел и од внатрешна природа. Дел од причините се од објективен карактер, но еден добар дел се и од субјективна природа, заради несоодветно, или со или без намера погрешно функционирање на одредени институции и личности.

Денес оваа седница на нашиот највисок законодавен дом е посветена на еден од, можеби, најважните сегменти на општественото живеење, меѓуналионалните односи, или поточно речено на актуелните состојби предизвикани со донесувањето на Законот за употребата на јазиците на националностите, како и на изнаоѓање начини за унапредување на меѓунационалните односи низ институциите на системот и во рамките на Уставот. Од тие причини јас во ова мое обраќање ќе се задржам исклучиво на оваа проблематика, не заради тоа што економско - социјалните прашања се помалку значајни, или за нив не треба да се расправа, туку за тоа што, до колку се прифати пристапот да се расправа одеднаш и за се, тогаш освен создавање конфузија не е можно да се изгради јасен став по ниту едно прашање. Впрочем, веќе следната седница, во наредната недела, меѓу другото ќе ни даде можност да изградиме ставови и да бараме решенија околу едно од најактуелните прашања што во овој момент ја преокупира јавноста во Македонија, а тоа е состојбата со незаконитото работење на неколку штедилници.

Прашањето ан меѓунационалните односи е едно од клучните, фундаменталните прашања за стабилноста и прогресот на секоја држава во која живеат припадници на различни националности и на различни религии, а такви се најголем број држави и во Европа и во светот. Токму тој базичен значај, ова прашање го има и за Република Македонија.

Ние во изминатите неколку години ја промовиравме, ја спроведувавме политиката на соживот, меѓусебна толеранција и почитување, надминување на проблемите низ институциите на системот, прифаќање и вградување во нашата законска регулатива и пракса, на европските норми и стандарди. Притоа, таа политика не беше само декларативна, вербална, апстрактна, туку напротив, токму како нејзин реален резултат произлезе и новиот Устав на Република Македонија, Устав кој го положи и тестот на времето и сите меѓународни експертизи. Тоа е Устав на Република Македонија на кој денес се повикуваат дури и оние кои директно ја напаѓаат политиката врз чии начела е донесен тој Устав.

Како реален резултат на таа политика и на овозможената уставна рамка се донесоа цела низа закони во најразлични области и повеќе или помалку се вградуваа овие принципи битни и за сферата на меѓунационалните односи. Како резултат на таа политика во изминатите неколку години имаме ситуација кога не само во законодавната, туку и во извршната власт имаме учество и партиципација на политичка партија која може да влијае и да носи одговорност за состојбите во државата, а кои во своите редови има членови и симпатизери албанци.

Во целиот изминат период континуирано, но во последно време зачестено оваа политика, овој концепт беше и е жестоко критикуван и напаѓан. Се говори дека таа политика не само што не дала никакви

резултати, не решила ниту еден проблем, туку дека ја довела Република Македонија во политички ќорсокак. Се пласира тезата дека е тоа политика на перманентни уцени и отстапки, политика на евтино партиско пазарење, а се со една цел да се сочува власт. Се предвидува дека оваа политика води кон федерализација и дезинтеграција на државата, па да видиме навистина кои резултати оваа политика ги даде во изминатиот период. Дали некој мисли дека, додека скоро во сите други делови на поранешна Југославија каде што имаше население кое припаѓа на различни националности и религии и дојде до крвави воени судири, или во најдобар случај до привиден мир кој се држи единствено со воени и полициски сили. Мирот и политичката стабилност што ја имаме сите овие години овде, во Република Македонија е нешто паднато од небо, нешто што се случило само од себе. Дали некој мисли дека фактот што покрај огромни противења и попречувања од некои наши соседи, Република Македонија се избори не само за својата независност, туку е и прифатена и посочувана како позитивен пример од страна на Европската и Меѓународната заедница токму на планот на демократијата и меѓуетничките односи, е резултат на нешто друго, а не токму на таа политика што ја спроведувавме и имаме намера да ја спроведуваме и во иднина.

Дали тие кои ја негираат политиката на соживот се свесни тврдејќи дека заедничкиот живот не е можен, всушност заговараат одвоен, паралелен живот, кој е најкраткиот пат за дезинтеграција и федерализација на државата.

Дали тие кои ја негираат политиката на меѓусебна толеранција и дијалог, во институциите на системот се свесни, дека всушност, ај промовираат политиката на вонинституционално решавање на проблемите од меѓунационалната сфера, со митинзи' и контрамитинзи,

со пароли и контра пароли, што е исто така веќе видено на просторите на поранешна Југославија, со сите трагични последици. Или, со други зборови, резултатите од нашата политика на планот на меѓунационалните односи, овде во Република Македонија се за сите видливи, нив можеме да ги оценуваме. На крајот на краиштата тие се оценети и проценети и од релевантните европски институции, заклучно со последната Декларација на Европската Унија со чија содржина целата македонска јавност е веќе запознаена.

Не е точно дека предлагачите на погоре споменатата алтернатива се хендикепирани, бидејќи, еве не биле во можност да ја реализираат и оттука не можеме да претпоставиме какви резултати таа политика би дала. Не е точно од едноставна причина што тој концепт што тие го заговараат, навистина, јас би рекол за среќа не го испробавме тука, во Република Македонија. Меѓутоа, го пробаа некои други, во Босна, во Хрватска, на Косово и видовме какви резултати даде.

Сега дозволете ми да се задржам околу последните актуелни збиднувања што повторно го свртеа вниманието и на домашната и на меѓународната јавност кон состојбите на меѓунационален план во Република Македонија.

Ке почнам од непосредниот повод, Законот за употреба на јазиците на националностите, на Педагошкиот факултет во Скопје.

Се извинувам што ќе морам да повторам некои веќе порано кажани работи, но од сето она што имав овие денови да го слушнам низ разни изјави, соопштенија, коментари, имам впечаток дека, или ние не сме доволно способни, или не сме се доволно потрудиле на вистински начин да ја информираме јавноста, или некој друг многу поумешно, многу поефикасно успева да пласира дезинформации или погрешни инфор-

Оваа работа во Република Македонија воопшто не е нова. Напротив, почнувајќи од 1965 година, на Педагошката академија, покрај наставата на македонски јазик се организира и настава и на албански и турски јазик, односно има долга традиција и повеќе десетици генерации,денешни наставници во основните училишта го имаат завршено своето образование на Педагошката академија, на својот мајчин јазик.

Еден од аспектите кој најчесто се проблематизираше околу овој закон во изминатите денови е уставно-правниот аспект, или прашањето дали овој закон е во или не е во согласност со Уставот на Република Македонија.

На сите ни е добро познато дека во Уставот има член со кој се гарантира образованието на мајчин јазик во основното образование. Тоа значи дека државата е должна да ги создаде неопходните пред услови тоа право и да може да се оствари. Еден од тие предуслови е и постоење на наставен кадар кој може да ја реализира таа настава на јазикот на националноста.

Замислете ситуација кога од едни или од други причини би настанал генерациски дисконтинуитет, генерациска празнина во продуцирањето на воспитувачи и наставен кадар кој може да држи настава, на пример на албански јазик. Како во тој случај ќе го обезбедиме со Уставот загарантираното право. Дали во таа ситуација ќе бараме наставен кадар надвор од границите на Република Македонија, или ќе бараме наставници, на пример македонци кои го знаат јазикот на националноста, во конкретниот случај албанскиот јазик.

Точно е дека Уставот на Република Македонија како општо начело не овозможува настава на јазиците на националностите во високото образование, но точно е и тоа дека карактерот на одредени

високообразовни институции или поточно речено специфичноста на кадарот што од тие институции произлегува е во врска и релација со други права овозможени или дури и гарантирани со Уставот на Република Македонија.

Како илустрација, на Филолошкиот факултет во Скопје постои Катедра за албанологија и никому не му паѓа на памет да го оспори нејзиното постоење пред Уставниот суд. Или, на Факултетот за драмски уметности постои група или класа на албански јазик која треба да продуцира актерски кадар за Театарот на националностите, албанска драма.

Меѓутоа, се разбира, за уставниот аспект на Законот конечниот збор ќе го каже единствената надлежна институција за таа работа во државата, Уставниот суд.

Второто прашање кое се покрена околу овој закон беше, зошто оваа проблематика се разрешува со посебен парцијален, а не со интегралниот закон за високо образование.

Точно е дека ќе беше добро законот за високо образование да беше донесен и овој проблем да беше содржан и разрешен во него. Но, овој интегрален закон е комплексен закон, многу значаен и ние за него сакаме да ја обезбедиме целокупната процедура што ја практикуваме за законски проекти со таква специфична тежина, што меѓу другото значи и меѓународна експертиза. Токму во наредниот период ги очекуваме мислењата и сугестиите од експертските групи на Советот на Европа пред да тргне понатамошната процедура и постапка за донесување на овој закон.

Меѓутоа, по повод оваа дилема, зошто парцијален а не интегрален закон, би го поставил следното прашање:

I/11.-

Дали проблемот е од формална или суштинска природа, односно дали тие кои не се согласуваат со Законот за употреба на јазиците на Педагошкиот факултет заради тоа што тој закон е парцијален, немаат ништо против суштинското решение дека на оваа високообразовна институција може и треба да се организира настава на јазиците на националностите, само што тоа треба да биде напишано и регулирано во друг, интегралниот закон за високо образование, или пак користат формален изговор затоа што не се согласуваат со самата суштина на решението. И, ако имаат формално, а не суштинско несогласување зошто тогаш ја оспоруваат уставноста, бидејќи ако е нешто уставно и во согласност со Уставот, тогаш тоа е уставно, без разлика во кој закон, парцијален или интегрален, ќе биде содржано и напишано.

Почитувани пратеници,

Дозволете во кратки црти да се потсетиме на атмосферата која беше пред и на самата собраниска седница кога овој закон беше донесен.

Против донесувањето на овој закон јавно се декларираат: Универзитетскиот сенат, дел од професорите на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј", дел од студентската и средношколската младина, повеќе политички партии, меѓу кои ќе ја издвојам како најекспонирана, а зошто не и како најмоќна во таа група на партии, ВМРО-ДПМНЕ.

Од друга страна и во јавноста, но уште повеќе на самата седница на Собранието на Република Македонија стана јасно дека против донесувањето на овој закон се најголем дел од политичките партии на албанците во Македонија.

Сега се поставува прашањето, дали Владата на Република Македонија е навистина таков политички аматер, толку политички неука, инсистира на донесување закон што еве наидува на жестоки критики од, условно да ги наречам двете страни, или со други зборови зошто би си ставале трн во здрава нога и би се довеле себеси и целата јавност во една ваква ситуација.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ: (**Продолжение)

Ајде да ги видиме кои се аргументите д се биде против на, условно да ја наречам првата македонска страна. Таа смета дека овој закон не треба да се прифати бидејќи не треба и не смее да се дозволи воведување на албански наставен јазик на било која високообразовна институција на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј",без разлика од карактерот на институцијата и карактерот на кадарот што од неа произлегува.

Другата, условно да ја наречам албанска страна беше против донесувањето на овој закон затоа што смета дека решението со Педагошкиот факултет е безначајно, минорно, премало од аспект на нивната проектирана цел, целокупното високо образование да се остварува на мајчин јазик, имено најчесто употребуваната теза на таа седница беше легализацијата на Тетовскиот универзитет.

Ако дозволите, јас би ја поедноставил работата до крај. Едните се против затоа што мислат дека не треба да има ништо на албански јазик во високото образование, другите се против затоа што мислат дека треба да има се на албански јазик во високото образование.

Да претпоставиме за момент дека не постои ниту овој Закон предложен од Владата и донесен од Парламентот, ниту овој концепт што како Влада и мнозинство во Парламентот го промовираме и спроведуваме во сферата на меѓунационалните односи и посебно во сферата на образованието. Што е тоа што би останало или преостанало на политичката сцена како опции за решавање на проблемите во високото образование од аспект на меѓунационалните односи? Тоа би биле две не различни, туку директно спротивставени опции, опциите на се или ништо.

II/2

На средбата со тројката амбасадори, претставници на Европската унија по повод врачувањето на Декларацијата на Европската унија за состојбите во Република Македонија ми беше поставено следното прашање - дали има некаква допирна точка меѓу носителите на екстремните позиции од македонска и албанска страна? Би сакал да ви го соопштам одговорот што им го дадов. Има и тоа како има допирна точка. Токму на примерот на високото образование и едните и другите би сакале Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" во Скопје да остане без студенти албанци. Едните, затоа што на тој начин би добиле етнички чист македонски универзитет и затоа се против Законот за Педагошки факултет и затоа се критикуваат квотите за упис на Универзитетот за националностите, а другите затоа што со тоа би го добиле најсилниот аргумент дека мора да се создава одвоен паралелен високообразовен систем, да се има свој посебен универзитет. Само што тоа и на таков начин не е точка на меѓусебно разбирање и ,интегрирање, туку порано или подоцна тоа е точка на дезинтеграција, сепарирање, точка која неминовно води кон конфликт и судир.

Дозволете по кратки црти да се задржам на средношколските и, така да ги наречам, делумно студентските протести што во изминативе денови се случуваа не само во Скопје, туку и во повеќе градови е. Низ Република Македонија. Не е спорно дека младите не само што можат туку е и пожелно да имаат став околу значајните прашања за сегашноста и иднината на нашата држава. Не е спорно, уште повеќе ме радува доколку кај младите постои чувство и подготвеност за, како што имавме можност во изминативе денови често пати да слушнеме, одбрана на Уставот на Република Македонија. Но, се поставува прашањето кој начин и кој повод е избран за да се покаже таа подготвеност?

II/3

Токму во тој Устав пишува дека Владата на Република Македонија е еден од овластените и легитимни предлагачи на законски проекти. Токму во тој устав пишува дека Собранието на Република Македонија е единствената институција легитимна да донесува закони и на крајот, токму во тој устав пишува дека Уставниот суд на Република Македонија е единствено надлежен да ја оценува уставноста, да укинува или поништува делови или цели законски проекти.

Еден од постулатите на правната држава гарантирана и промовирана и со Уставот на Република Македонија е независното судство, судство кое донесува одлуки без притисоци и влијанија. Дали е во духот на Уставот и уште повеќе во согласност со намерната за одбрана на Уставот кога се вели дека ,една од целите на протестите и на штрајкот со глад е да се изврши притисок на Уставниот суд да донесе пресуда таква, каква што организаторите на протестот бараат.

Како да ја протолкуваме изјавата на претседателот на Универзитетскиот сенат, инаку професор на Правен факултет, кој вели дека се надева дека судиите на Уставниот суд ќе имаат доблест и ќе го поништат законот. Или со други зборови ако Уставниот суд одлучи поинаку тоа би значело дека судиите во тој суд се луѓе без доблест.

Не може Уставот да се брани со вонуставни и противуставни методи. Не може правна држава да се гради и чува на начин кој истата ја поткопува. За какво почитување на Устав и правна држава може да стане збор ако ја воведеме праксата со која законите се донесуваат или укинуваат во зависност од тоа дали има или не улични протести и штрајкови со глад?

Јас сакам да верувам во почетните добри намери на иницијаторите на овие протести. Но, има една изрека која вели дека "често пати патот до пеколот е поплочан со добри намери".

II/4

Можеме и сами да претпоставиме колкав беше ризикот од инциденти со несакани трагични последици во целиот овој период додека се одржуваат овие протести. Дали само знаеме во колку средни училишта под ист покрив, училница до училница учат заедно средношколци македонци и албанци? Дали ни е на сите познато примерот дека во еден момент на една улица во Гостивар на едната страна од улицата, на едниот тротоар беа собрани средношколците македонци а на другата страна од улицата на другиот тротоар средношколците албанци, извикуваа пароли навредливи едни кон другите, а меѓу нив стоеше кордон полицајци?

Нема држава и нема полиција која може да биде присутна во секој училишен двор,во секој училишен ходник, во спортска сала, улица или парк за да спречи евентуален инцидент во кој може да настрада и некој млад живот. Тоа мора да биде грижа буквално на секој граѓанин на оваа држава, на секој наставник, на секој родител, на сите политички субјекти, на секој оној кој е загрижен и за иднината на своето семејство и за иднината на државата во целина.

Како што обично бива страстите, емоциите, екстремите никогаш не одат сами. Тие за да можат да опстанат, за да можат да се развиваат мораат да имаат паднам, мора да бидат во пар. Само неколку денови по почнувањето на средношколските протести во Тетово по повод победата на кандидатот за градоначалник од редовите на ПДП-А беше организиран масовен митинг, по мое длабоко убедување за да се демонстрира сила и моќ. Се манифестираше со иконографија која не ги респектира државните симболи на Република Македонија и тоа прашање дефинитивно треба да се уреди и се искажаа повици за граѓанска непослушност, неплаќање на даноци и некакви, не до крај јасни најави за политички и регионални соработки.

II/5

По ова прашање би сакал да го истакнам следното:

Законот за локална самоуправа е јасен и не е спорно дека секоја општина и секој градоначалник, секој совет може можностите на тој закон да ги искористи во полн капацитет. Меѓутоа, исто така централната власт и Владата на Република Македонија ќе ја спроведува својата власт согласно Уставот и законите на Република Македонија во полн капацитет и без пардон, исто така на територијата на цела Република Македонија. Било какво излегување надвор од рамките на Законот за локална самоуправа или негова злоупотреба ќе биде, согласно законската регулатива, санкционирано. Ова не е никаква закана, туку јасен став што би сакал и овде, пред Парламентот на Република Македонија да го истакнам.

Почитувани пратеници,

Овие денови низ медиумите имавме прилика да слушнеме дека има различни типови на национализам. Дека има позитивен и негативен национализам, дека има агресивен и одбрамбен национализам. Ми се чини дека се прави една грешка во самиот старт. Се трга од претпоставката дека главната опасност, на пример, од македонскиот национализам е за албанците или обратно, дека главната опасност од албанскиот национализам е усмерена кон македонците.

По мое длабоко убедување тоа апсолутно не е точно. Главната опасност од секој национализам е, пред се, за сопствениот народ токму во чие име таквата политика се промовира. Историјата има безброј такви примери, а искуствата од збиднувањата на север од нас тоа најдобро го покажуваат.

Ние сме цврсто решени да продолжиме со политиката на трпеливо и упорно градење на меѓусебната доверба и унапредување на меѓу-

националните односи низ институциите на системот. Тоа е долг и макотрпен пат, бара многу енергија, бара многу добра волја, но од друга страна тоа е и најдобриот начин на минимизирање на ризикот од конфликти и судири. Јасно е дека по некои прашања ќе имаме различен став. Јасно е дека по некои прашања нема да се согласуваме. Во такви ситуации единствен начин е да се почитува демократската процедура иманентна на парламентарната демократија. Длабоко сум убеден дека вистинската храброст и вистинската одговорност е да се избере токму овој пристап. Длабоко сум убеден дека времето ќе ги валоризира токму овие постапки согласно овие принципи.

Најопасно е меѓунационалните односи да се третираат со страсти а не со резон, со емоции а не со разум. Треба да бидеме мудри да знаеме да направиме разлика меѓу тоа што е патриотизам а што е национализам, што е храброст а што е лудост.

Јас искрено жалам што поканетите лидери на најголемите вонпарламентарни партии не се одзваа на повикот да учествуваат на оваа седница, исто како и претставниците на Организациониот одбор на студентските протести од Педагошкиот факултет.

Ако сите сме свесни дека ситуацијата е сериозна, ако сите сме свесни дека за неа треба да се разговара и, да цитирам еден од отсутните лидери од изјавата што ја даде вчера или завчера "на јавна сцена а не зад затворени врати" ако сите сме свесни дека вистинското место за разрешување на проблемите се токму институциите на системот, тогаш мислам дека нема посоодветно место за таков дијалог, за соочување на различните концепти и аргументи пред целата македонска јавност токму во највисокиот законодавен дом, Парламентот на Република Македонија.

Но, што е тука е. Опозицијата, уште повеќе вонпарламентарната можеби нема право, но има можност да побегне од одговорноста. Ние и во Владата и Вие почитувани пратеници, во Парламентот и да сакаме тоа не можеме да го направиме.

Се надевам дека денешнава седница ќе даде свој придонес во правец на унапредување на меѓународналните односи и смирување на тензиите што во последно време се присутни. Тоа то должиме не на нашите бирачи, туку и на нашите семејства, на нашите деца, на нашата заедничка татковина Република Македонија.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Дами и господа пратеници, сакам да Ви предложам пауза од еден ипол час за да може да ни биде на располагање во писмена форма излагањето на претседателот на Владата.

Ако се согласувате пауза до 13,30.

(Седницата прекина во 12,05 часот)

III/1.-

( По паузата)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Сметам дека имавте доволно време на располагање да се запознаете со уводното излагање на премиерот.

Му давам збор на г-динот Диме Велковски- претседател на сојузот на студентите на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј".

**ДИМЕ ВЕЛКОВСКИ:**

Почитуван г-дине премиере, почитуван претредателе на Собранието, почитуван пратеници, лидери на политички партии колеги и колешки.

Заблагодарувајќи се на можноста јавно да ги искажам ставовите на Сојузот на студентите при Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" пред се вкупната јавност на Република Македонија, а имајќи го предвид фактот дека ова првпат е овозможено на претседател на Сојузот на студенти при Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" да се обрати од говорницата на Парламентот, сакам да посочам дека требаше да бидеме вклучени во расправата на седницата кога Законот за употреба на јазиците на националностите на Педагошкиот факултет беше донесен.

Со целосен респект спрема институциите на системот Република Македонија, а имајќи го предвид статусот на Сојузот на студентите при Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" во јавноста, како организација која што е секогаш спремна за дијалог и соработка, излегуваме и денес да го соопштиме нашиот став како би придонеле за што побрзо и поефикасно решавање на актуелната состојба.

III/2.-

Искажувајќи ја нашата загриженост, за здравствената состојба на нашите колеги, а истовремено потенцирајќи го ставот на студентите при Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" за институционално решавање на проблемите, инсистираме за што итно донесување на конструктивно решение и надминување на моменталната акутна состојба.

Почитувани пратеници, во понатамошното излагање би сакал во кратки црти да и предочам на јавноста, што претставува Сојузот на студенти при Универзитетот на Св. Кирил и Методиј како субјекти во Државата. Сојузот на студентите при Универзитетот Свети Кирил и Методиј е општествена организација која ги обединува сите студенти од Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" од Скопје, независно од нивната национална, верска и полова припадност, а единствено заради застапување на заедничките интереси пред академските авторитети, органите на Република Македонија, јавноста и јавното мнение.

Земајќи активна улога во јавните институции, Сојузот на студенти при Универзитетот Свети Кирил и Методиј ги спроведува зацртаните цели и програми, интерпретирајќи ги воедно студентските права, размисли и толкувања околу наставно образовните програми, проблемите од областа на студентскиот стандард, образованието, културата итн.

Со оглед на структурата на членството на Сојузот на студенти при Универзитетот Свети Кирил и Методиј и начинот на кој истата ги оправдува целите на своето постоење и придонесување кон севкупниот општествен развој, а истовремено обременета со епитетот интелектуална движечка сила во општеството, Сојузот на студенти при

Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" се идентификува како автономна, невладина и над партиска организација со јасно зацртани цели и задачи.

Способноста на оваа структура за издигнување над актуелните дневно политички збиднувања во разно-разни сфери на интерес и овозможуваат континуирано да оди чекор понапред во идејата за остварување на модерно демократско општество, со јасни принципи на функционирање, квалитетни трендовски решенија и алтернативни за младиот човек.

Во време за живеење со експлозивна динамика и секојдневни промени како на техничко-технолошки, така и на индустриски духовен и други планови на општествениот развој, оваа структура се бори за своето место и улога во креирањето на севкупниот живот на овој простор.

Чувствувајќи ги непродуктивните начини на насочување на енергијата кај младите, што можеби претставуваат составен дел на демократското живеење, Сојузот на студентите при Универзитетот Свети Кирил и Методиј го потенцира ставот за задржување на достоинството и гордоста, како основни човекови карактеристики, дури при спроведувањето на демократијата како алтернатива во општеството. Почитувани пред се основните вредносни норми, како и институционалните чинители на Државата, Сојузот на студенти при Универзитетот Свети Кирил и Методиј се залага за континуирани и квалитетни промени во образованието, културата, спортот и т.н., кој воедно водат кон поцелосно и поефикасно во спроведување на проевропската определба на Република Македонија.

III/4.-

Имајќи предвид дека целта меѓу студентите е идентична, а дека правилата и начините на нејзиното реализирање се променливи категории за кој заеднички се определуваме, Сојузот на студенти при Универзитетот Свети Кирил и Методиј, активно се залага за поефикасно решавање на веќе споменатите проблеми во рамките на своите статутарни определби.

Во поглед на актуелно создадената ситуација во однос на донесувањето на Законот за Педагошки факултет, што предизвика нереални дилеми во јавноста, околу суштината на проблемот нагласуваме дека Сојузот на студенти бил, е и ќе биде "за" и заради студентите и остро ќе ги осуди сите обиди на загрозување на интегритетот на истите во било која форма.

Во контекст на истото, повторно потенцираме дека Сојузот на студенти при Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" јасно заседе став за итно донесување на Законот за Високо образование кој ќе овозможи реални и правно регулирани рамки за интегрално решавање на сите проблеми од сферата на Високото образование поддржан со Иницијатива до Уставниот суд за преиспитување на уставноста на донесениот Закон.

На крајот повторно апелираме, до Власта, сите политички партии,невладини организации, Универзитетот и универзитетските професори и целата интелигенција во Република Македонија да обрне внимание на фактот дека суштината на овие протести лежи пошироко во општото незадоволство во повеќе структури во општеството, нагласениот социјален момент, политичката борба за власт итн.

Ви благодарам за Вашето внимание.

III/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Молам, кој друг се јавува за збор?

Има збор г-дин Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине претседателе, господине претседателе на Владата, господа членови на Владата, дами и господа пратеници,

Ние сме длабоко загрижени за процесите кои се одвиваат во нашата земја и настојуваме во рамките на нашите можности и одговорностите кои ги имаме да ги покренеме прашањата така како што мислиме и така како што е допуштено и можеме да го сториме тоа и тоа РО правиме навистина, како што повеќепати сме рекле и додека бевме во Владата го правевме и потоа го правиме како парламентарна опозиција невклучувајки се во вонпраламетарните активности.

Нашата загриженост е заради тоа што мислиме дека се одвиваат процеси кои не само што можат да доведат до, како што беше едноставно речено политичко социјална дестабилизација на Републиката, туку можат дури да го загрозат нејзиниот опстанок.

Прввовремено се обидовме да придонесеме да се воспостави во државата одговорна власт, па како парламентарна опозиција, претходно тоа го правевме во нашите договори за Владата, а потоа како парламентарна опозиција баравме да го покренеме на некој начин и истераме на чистина проблемот со јавните набавки. Како што се сеќавате, баравме на анкетна комисија да се утврди текот на истрагата за атентатот на Претседателот на Републиката. Баравме, прво како партија пред година дена да се зголеми вниманието на Власта врз

работата на штедилниците и редовно да се објавува рејтинг на штедилниците за да можат да се насочува штедачите каде ќе штедат. Тие наши барања наидоа на глуви уши и дури во централните средства за информирање беа премолчувани. Баравме информација на Владата за состојбите во штедилниците, за сите проблеми што настануваат, за грабежот на граѓаните по форма на штедење. Чекавме долго и до денес не можевме да дочекаме расправа овде. Што е најважно, во материјалите со кои располагаме како пратеници нема информација од Владата. Има информација од Народната банка. Баравме итна седница заради проблемите кои настанаа и настануваат со демонстрациите кои што се одвиваат во македонските градови, во Скопје, им се придружува и г-динот Стојановски и во Тетово. Ги баравме анализите на Владата до кој дошло на нивната седница од 23 февруари за кој проговори премиерот дека постојат тајни штабови и повеќе фазни сценарија со кои сака да се загрози стабилноста на Македонија.

Како што знаете, ние тоа го баравме пред 13 - 14 дена, денеска имаме седница. Нам и денес не ни е јасно дали претседателот на Собранието процени дека не е потребна итна седница на Собранието или пак ако процени дека е итна седница, тогаш Владата се одупре на своите обврски и не му даде материјал, што е должно да го даде на Собранието по тоа да се расправа. Не знаеме каде затаи системот. Не знаеме кој ги кочеше работите. Денеска ние разговараме овде, но и денес за тие клучни проблеми од опстанокот на нашата земја, кои се однесува на мирот, спокојството, иднината на секој наш граѓанин, на секое семејство, ние немаме материјал. Ние очекувавме аналитички материјал разработен во кој прецизно ќе има анализа на состојбите, макар во областа за меѓунационалните односи. Да видиме Владата во областа на меѓунационалните односи кои конкретни работи ги работела,

како ги работела, со кого разговарала, кои акти постојат во тие договори и кои се постигнати договори. Кој пречел и со што пречел, каде ја декларирала таа своја политика Владата, а после кој пречел и со што пречел да ја остварува таа политика. Мислевме дека Владата ќе излезе со материјал со кои ќе ги каже и резултатите, и неуспесите и ќе направи прецизна идентификација на вистинските проблеми, но ќе ја земе одговорноста за состојбите кои се сега во земјата. Наместо тоа, ние имаме околу една игра околу седницата, избегнување таа да се одржи, одлагање, недоволно и не во согласност со Деловникот подготвување на седницата и сега ние немаме материјал за кој ке зборуваме овде. Ние имаме едно излагање на претседателот на Владата, тоа го имаме навистина, но тоа е единствено што ние располагаме сега. Ние сакавме да добиеме вистински наоди Владата до што дошла, да ни ги даде на располагање , да ги проучиме, да застанеме овде и за тие работи да разговараме. Меѓутоа, овој пат тоа не се случи. И така мислам дека е пропуштена многу убава и голема шанса што и ја дадовме на Владата да ги презентира проблемите како навистина ги гледа, каде ја согледува својата одговорност, како мисли да ја отстрани, да ги реши проблемите на сопствената одговорност, како мисли да се постави спрема отворените прашања, но кои се прво тие отворени прашања, макар во меѓунационалните односи, за да можеме овде за земеме збор и за тие работи да разговараме, со една најдобра намера да помогнеме како Парламент, да се вклучиме да ја одиграме нашата улога на овие опасни процеси на државата да можеме да им застанеме на пат, да ги успориме, да ги пресвртиме во позитивен правец, да се врати мирот во семејството, во Македонија, во домовите, кај луѓето, во градовите и да ги поттикнеме надежите дека оваа земја што единствено нам ни останала да живееме и намераваме овде да живееме сите, сепак е земја која има

своја иднина и која е спремна и има сили да застане на патот на хаосот, мобилизирајќи ги сите свои сили, а не поттикнувајќи фрагментации во неа и анатеми на неистомислениците, туку да се соберат силите да видиме како можеме да застанеме на патот.

Се разбира, во Македонија не се случи Босна. Тоа сигурно е многу добро и верувам дека тоа никој нема право ниту мисли да си го препише на себе самиот. Ниту како партија, ниту како личност, ниту како функционер, па ниту како Влада. Имаме трпелив и толерантен народ. Имаме трпеливи и толерантни граѓани кои знаат да проценат какви страотии носат внатрешните судири, војните граѓански и пресметување и истребување едни со други. И не на седнаа на таа стапица. Се разбира, тука сите разумни луѓе што можеа повеќе го потурија својот грб земјата да го сочува вистинскиот пат да не дојде до крвави пресметки внатре. Но сакам да кажам дека и во Босна, не дека народот сакал да се истепале меѓу себе, не оти пред војната имаше таква омраза меѓу луѓето, туку почнаа политички процеси кои ги ориентираа лугето едни против други, кои ветија крупни работи на секого и дојде ситуацијата до која таму дојде.

IV/1.-ЛП/ОМ

**СТОЈАН АНДОВ: (**Продолжение)

Треба малку да се осврнеме овде кај нас. Во сферата на меѓунационалните односи точно е тоа дека како непосреден повод се искористи предлогот и донесувањето на Законот за употребата на јазиците на националностите во наставата на Педагошкиот факултет, иако не мислам дека тоа е вистинската причина за ова што се случува.

Го слушнавме образложението што го даде овде претседателот на Владата и тоа е единствено конкретно прашање од целиот комплекс на односи што го зафати тој. Сакам да потсетам дека без оглед колку е коњуктурно како ќе се поставиш по некое прашање, многу е важно до кога ќе ти остане на совеста тоа што си го работел и како го работиш и дали за ситно дневна конјуктура ќе си дозволиш да добиеш некој потег, поен овде - онде, да помогнеш во разгорот на омразите и пресметките во сопствената земја.

Затоа, сакам да го истакнам тој факт што веќе беше овде речен дека е точно дека до 1986 година мислам имаше Виша педагошка академија овде со наставен јазик на националностите, тогаш народностите за оние студенти кои се подготвуваа за наставници во основното образование.

Кога беше на дневен ред Законот ние се воздржавме од гласање и сега јавно сакам да ги изнесам овде причините зошто се воздржавме од гласање. Вие убаво знаете дека тогаш ние не ни влеговме во расправа. Го повикавме премиерот овде да објасни зошто тој закон е важен и кои се околностите што токму сега тој закон се донесува. Не беа прифатени нашите иницијативи и нашето барање.

А зошто тоа го направивме?

Заради тоа што некаде пред три години пратениците од ПДП албанци ни зборуваа дека е многу важно тој закон да се донесе, за да

им се зајакнат позициите кои како партија тогаш беа против основањето на тетовскиот универзитет, за да можат да се одупрат на основањето на тетовскиот универзитет. Зошто тогаш тој закон не беше предложен од Владата. Требаше овде да чуеме и да ни се објасни тоа. Зошто оние прашања, како овој закон, на кои треба да гледаме и малку поинаку не само како некое стекнато право во образованието, туку и како национален интерес не само на еден или друг ентитет овде, не само на македонскиот народ и на албанската националност, туку на Македонскиот народ, на албанската националност и на сите граѓани на оваа држава. Зошто? Заради тоа што наставниците албанци,кои ќе учат на тој универзитет, ќе учат по наши програми, по програми на оваа држава, ќе се оспособуваат овде, а нема да се оспособуваат во некоја друга држава за други програми и други воспитни цели. Според тоа, е интерес на сите, ако зборуваме од аспект на интересот, учителите како ги викаме, на децата во основното образование да учат и се оспособуваат на својот јазик, со исклучок на - тоа им е на нив неопходно исто така - на Македонската историја и Македонскиот јазик, кои исто така треба да бидат вклучени. Тоа е нашиот реален проблем и нашата реална потреба. Зошто се чека околу тоа да настанат тензии, зошто не се излезе јавно на време, зошто на време тој потег не се направи, зошто се прави откако двеипол години се гради тетовскиот универзитет, зошто пред тоа не се направи?! Тоа се проблемите кои нам ни задаваат главоболие и мислиме дека и во секторот на меѓународалните односи Владата остварува политика со отстапки, политика со спори чекори, политика со принудни чекори за да може во областа на меѓунационалните односи постојано малку да држи тензија, да може оттаму да се заканува постојано некоја опасност,за да сите други прашања за кои мора да се проговори паѓаат во сенка и таа

основна закана да ги држи парализирани сите граѓани на Македонија, во еден страв да не случајно својот заштитник, својот бог не му ја повредат волјата, желбата и да ги напушти во заштитата.

Нас не збуни второто прашање зошто не гласавме за законот, тоа е што сега наеднаш ПДП гласа против тој закон. Значи ли тоа дека во ПДП комплетно се променети и зошто се променети оценките и ставовите и политичките и платформски расположби. Колку тоа е заради задоцнувањето на Владата, колку тоа е автохтон настан внатре во таа партија и така да кажам меѓу албанската националност. Имаме ли ние сега, без оглед дали ќе ги решава , ситуација сега, без оглед дали ќе ги решаваме вистинските потреби во образованието на припадниците на албанската националност генерално противење и генерален став на градење институции посебни во државата овде , кои паралелно со тоа , веднаш до тоа се јавува и тезата за федерализација и т.н.

На сите овие прашања и многу мислев уште други прашања, на пример овде ние треба да добиеме вистински биланс до каде се доведени состојбите во разговорите што се водеа меѓу претставници на Владата, како велиме албанскиот фактор и меѓународните посредници. Беа ли тие посредници, што беа ин., со попис кои прашања беа покренувани, до каде се договорите завршени, што од тоа е остварено, што не е договорено, што паднало како договор и маса други прашања. Додека сите тие работи не се изнесат во Парламентот, за да можеме за нив да дадеме процена и евентуално поддршка таму каде што ја зацврстуваат земјата, а и критика, забелешки и напади таму кои што ја слабат земјата, ние всушност се среќаваме со една ситуација да мораме да веруваме дека Македонија нема да биде Босна, заради тоа што се поделени први и втори, едни кои ја сакаат Македонија да не биде Босна и едни кои сакаат да биде Босна, ама ќе им кажеме, таа политика нема

да мине. Не е добро само така да ги водиме работите. Не е добро ни за Владата да си ја стеснува политичката основа по битно прашање, по сектор каде што е неопходно да се води битката да опстане земјата. На Владата можеби политички конјуктурно во очи на изборите ќе и требаат добри момци и лоши момци, кои постојано ќе може да ги набедува дека сакаат овде Босна да направат. Но на прашањата со кои се среќаваме ќе мора да се одговара. Невозможно е да се држат во фиока и задскриени.

Мене на пример многу ме изненадува зошто премиерот денес не ги обелодени штабовите и повеќефазните сценарија. Зошто го испрепадна народот, ги преплаши луѓето дека навистина постојат штабови и сценарија, а сега кога има прилика овде да ги каже, да ги демаскираме и да видиме кои се нивните вистински цели, да ги изнесе, а органите пак на прогонот, кои имаат законска обврска, во тие штабови да влезат во потера, да ги демаскираат на суд сите тие сценарија и навистина и да направиме чекор на јакнење на државата сигурност на граѓаните. Ние граѓаните ги среќаваме со доста голема загриженост за сопствената иднина, а во некои краишта во земјата се и малку исплашени. Мене ми е жал што ќе кажам, меѓутоа, ни стигна информација дека преку 200 граѓани ги продадоа своите станови во Кичево, тие се, така ми рекоа, Македонци и дека нагло е падната цената на становите, нема кој да ги купи и т.н. Дали е точна информацијата треба Владата да знае, да провери. Можеби не е точна, можеби е пуштена како гласина да формира напнатост, да ја зголеми напнатоста. Но треба да се провери и ако е така, на тие луѓе треба да им дадеме сигурност, тоа е наша и нивна татковина целата земја и треба да си седат спокојно. И да им кажеме што ќе преземеме тие да се чувствуваат спокојно таму.

IV/5.-

Она што ме вознемирува и мене и нас пратениците од Пратеничката група на Либералната партија, а мислам и сите разумни луѓе во земјата, тоа е целиот случај со овие младински средношколско студентски демонстрации. Многу е симптоматично што тие демонстрации настанаа пред расправата за донесување на законот, што главен организатор на тие демонстрации беше човек кој имаше последни денови во студентската организација, Сојузот на студентите, кој исфорсирано во петокот, завршен ден на таа недела , бара од Одборот таму, раководството на студентите , задолжително тогаш во вторник да се држат демонстрации, задолжително, кога точно госпоѓата Елизабет Рен доаѓа овде и сметките за тоа се платени од Сојузот на студентите , и закупот на озвучување и други трошоци и т.н. Дури ни рекоа дека биле илјада и шесто марки. Таа работа се заврши,некој си поигра со студентите и кога го фрли кибритот блиску до бензинот и кога пламна после другото, вели, сега е друг организатор, сега друг ги втурна младите во авантура и тоа е тој лошиот што сака овде Босна да направи, а првата игра не е важна ,а тој е запалката.

Натаму она што зачудува е што во средношколско студентските демонстрации неколку дена се носеа застрашувачки пароли. За тоа дека треба да се воведат гасни комори за албанците, "смрт за албанците" и т.н. Видете, ние да се разбереме. Таму каде што има повеќенационален состав на населението некоја идеална љубов нема, но да има толеранција. Тоа се бара. Ние и не очекуваме да носат пароли и плакати - многу ги сакаме албанците, или албнците многу ги сакаме македонците. Дури може и такви еден ден. Меѓутоа, овие пароли , па тие немаат никакво тло овде, немаат корен во македонското тло. Никој во историјата во Македонија никогаш ни во една политичка програма не побарал воведување на гасни комори за било кого, па ни за албанците. Никогаш.

IV/6.-

Од каде тие пароли? Еве, тоа беше сликано. Се идентифицира ли кој ги носи тие пароли? Кој е крајниот резултат на тие пароли? Крајниот резултат е, морам да Ви кажам, огромна штета што Република Македонија како држава ја доживеа и евентуално секои идни демонстрации - тоа може да биде корист на една партија - да може да ги посочи , ете, кој во Македонија демонстрираше, па и сега по друго ако демонстрира, тоа е тоа, и ништо друго. Тоа се тие манипулации со младите што настануваат и тоа се опасностите кои на оваа земја и се закануваат.

Инаку, мислам дека во говорот ние чувме овде дека некој вика дека Македонија оди кон федерализација, некој вели дека - во тој стил повеќе насоки овде ги има. Па вели, вели. Претседателот на Владата нема што да полемизира со тиа што велат за федерализација и т.н. Тоа е политичка борба, тоа партиите нека се расправаат. Оној момент кога ја загрозуваат државата, претседателот на Владата и органите на државата треба да ги преземат оние мерки кои мислат дека тие такви појави минале од вербални искази и станале опасност аз безбедноста на државата. Има секаде, во Италија, Паданија - маданија, ова - она, се вика. Меѓутоа, тоа е политичка борба. Во политичката борба ние можеме да настапиме не се во право , во право се и т.н., меѓутоа, тоа не може да биде проблем на државен орган до оној момент заради тоа што ќе се постави на страна на нечија партија, а тоа не смее државниот орган да го прави.

За нас е страшно важно да знаеме дали тие пароли што се носеа овде имаат корен во некои организирани тела, макар и на политички партии, на кои партии, или тоа се провокации кои се наметнаа на студентите и средношколците, за да се разјасни, да знаеме по Уставот да се поставиме, оној кој поттикнува меѓунационална омраза да може

IV/7.-

да ја почувствува раката на правдата. На овој начин тоа само служи за политичка манипулација, нема акција , нема мерка за таа работа, никој не презема никаква мерка.

Сакам да кажам и по сите овие крупни прашања , што некои барале федерализација, што некој ја продавал или викале ја продавал земјата или не ја продавал земјата и т.н., мислам во земјата треба одговорните политички партии навистина да организираат вистински дијалог, политички да се разјаснат вистинските позиции на секоја од партиите, да можеме низ таа политичка борба јасна, вистинска, не пропагандна, не кампањи политички, но вистинска размена на мислења, да можеме да ги разјасниме работите, да знаеме со кои тези како стојат, кои се крајните консеквенции, кои ги застапува и т.н. Тоа е потребно, политичка одговорност, политички одговорен приод на партиите. Не е доволно што средствата за јавно информирање во своја режија го прават, заради тоа што најчесто е проследено со кампањи и ги замолчуваат луѓето. Однапред даваат квалификации. Средствата за јавно информирање не можат да ја одработат работата на политичарите на политичките партии. Секаде каде што тоа се сака, тие се ставаат во функција на една партија и со најдобра намера да е тоа, после се изродува во страшни последици и во страшна атмосфера во земјата.

V/1/НН/лј

**СТОЈАН АНДОВ**:(продолжение)

Затоа ние мислиме во земјата прво да се одвојат комуникациите меѓу политичките партии. Да се воспостават, обноват и да има во тоа јавност. И да нема ништо страшно ако лидери на политички партии седнат и добро расправаат за крупни прашања и дошле до овде или не дошле до овде. Да видиме што останало спорно. Да заживее тој дел од политичкиот живот во Македонија.

Од друга страна сакам да ви кажам дека е многу важно, исклучително важно институциите на системот да функционираат. Ние имаме сега, еве околу Собранието се покажа колку е тешко Собранието да прифати некоја расправа што е должно да прифати. И какви се препреки се прават како да тоа не успее. Мислам општа корист е да се оспособи Собранието да си ја тера својата функција.

Од друга страна се покажува дека, гледате, во весниците има дека во Македонија скоро нема област во која нема тешки финансиски и други афери. Сега еве Владата го разрешила помошникот на министерот за внатрешни работи а читаме во весниците дека тоа е направено заради сомневање во крупни финансиски афери. Гледаме што се случува со ТАТ, со другите штедилници. Еве читаме што се случува во областа на здравството. Сето тоа ако не функционираат органите, ако нема страв дека парламентот овде е последниот судија и ако тоа не му се дозволи на парламентот да може да го оствари тогаш ќе имаме осилени луѓе, се разбира, кои со државната пара и народната пара ќе си поигруваат како што сакаат а ќе измислуваат други тензии и сценарија за да може забошуре, забошопе, сета таа беда и јад само да зададе на народот и на граѓаните. За тие работи мора сериозно да се размисли.

V/2.-

Мислам дека тука лежи огромната одговорност на Владата за целата таа состојба. Не може еден да се издигне на целата таа состојба да се прави како да ништо за тоа не знаел и никој ништо не му кажал. сите други да бидат криви. Тоа е невозможно во ниту една земја. Никаде тоа не се случило. А ние само пред неколку месеци овде слушавме обраќање во кое се настојуваше да не убеди дека се е "мед и млеко" во сите области. А кога рековме дека се туркаат под килимите важните проблеми бевме предмет на општа кампања во јавноста и во контролираните медии. Тоа далеку нема да не одведе. Критичкиот дух, духот на одговорноста мора да биде врвен критериум. Газењето на принципот на одговорноста од страна на Владата е основниот виновник за сите состојби во сите области.

Организирано друштво организирано општество и држава без јасен принцип на одговорност, без пардон на било кој не може, се разбира да опстане. Ќе биде растурено. Нема да функционира ниедна институција. Без институција ниедно општество не може да биде држава, а камо ли општество да биде. Денес ни е главен актер на организирање на штедачите градоначалникот во Битола. Како е тоа можно? Каква е надлежноста на штедилници на градоначалник. Што сака он таму? Што се меша? Или министри од тој крај кои немаат врска со областа на штедењето. Што е, треба да се наоѓаат и таму, да се смират духовите, веднаш се буди веќе сомневање да се фалсифицираат книгите, тоа ли? Ние ќе инсистираме до крај да се очисти целата работа да знаете. Нема тука трошка, затоа што мислиме дека во тие области каде што се создадени сите афери таму е подриена стабилноста на Македонија. Таму е главната опасност под стабилноста и независноста на Македонија.

Благодарам.

V/3.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас чувствувам за потреба г-дине Андов за некои работи сосема накусо, бидејќи навистина не мислев досега дека е тоа најважно да одговарам на секојдневните обвинувања дека го кршам деловникот и дека го дисквалификувам македонското собрание. Но, еве бидејќи и сега го повторивте тоа од говорницава јас едноставно имам обврска тоа да го кажам. Да ве потсетам и вас, и пратеничката група, се разбира и пратениците.

На 28.02. добив ваше барање Владата на Република Македонија да му поднесе на Собранието информација за овие актуелни состојби, за кои расправаме, и меѓу другото сметате дека таквата проценка е последниот основ што го обврзува Собранието конечно да добие информација и да расправа по ова прашање.

Второ, велите дека поради итност и значењето на ова прашање предлагате бараната информација да се стави на дневен ред на итна седница, што јас би ја свикал во разумно краток рок.

Истиот ден, на 28.02. јас вашето барање го проследив до Владата и ве информирав дека откако ќе добијам таква информација од Владата веднаш и ќе ја свикам седницата на Собранието.

Да имав ваша информација, или на другите пратеници што се придружија кон Вашето барање исто така ќе постапев. Материјалот ваш доставен јас ќе ја свикав седницата на Собранието. За што да ја свикам седницата на Собранието? Што ќе расправаме?

Бидејќи побарав од Вадата и вас ве информирав дека откако ќе добијам таква информација, добив предлог од Вадата за закажување седница на Собранието на која Владата усмено ќе информира односно ќе поднесе во има на Владата некој претставник на Владата или премиерот за овие актуелни состојби. Јас веднаш ја закажав седницата. Каде, ве молам, тогаш јас го кршам деловникот и каде го дисквалификувам македонското собрание?

V/4.-

Според тоа не чувствував за потребно секојдневно да виј одговарам на обвинувањата дека манипулирам со Собранието, го кршам деловникот и ние дозволуваме Владата да чини со собранието она што според Уставот и Деловникот не и припаѓа. Според тоа, ве молам и за Вашата пратеничка група и за било каква иницијатива на поединци и пратеници јас морам Деловникот доследно да го почитувам.

Овде стои дека Деловникот го кршам и тоа ги назначувате членовите 457 и 458. Во членот 457 стои дека извршниот совет е должен да го известува Собранието за својата работа а во член 458 стои "Извршниот совет е должен да го извести Собранието за прашања од член 457 на овој Деловник, кога тоа го бара надлежниот собор на Собранието".

Каде тогаш јас ги кршам овие два члена од Деловникот. Според тоа сакам чисто да ве потсетам дека до крај ги почитувам деловничките обврски, тоа е и моја обврска како претседател на Собранието во работата на Собранието. Јас не смеам да дозволам никаква импровизација во неговата работа.

Има збор г-дин Мурати.

Се извинувам г-динот Благоја Стефановски бара збор процедурално.

**БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ:**

Би сакал да ги повикам пратениците и сите други денес што говорат да говориме за оваа точка, затоа што тензијата е зголемена. Денес во Битола повикан е градот да застане на митингот за јавен бунт спроти сите органи на власта од еден водач на една партија. На повик пред телевизиските органи во Битола.

Денес уште еден водач кажува тука дека градоначалникот нема право да седи со штедачите. Напротив мислам дека градоначалникот е избран. Тој е денес градоначалник на сите граѓани во Битола. Тој е задолжен да ги смири страстите, легално да одлучуваат органите на власта, затоа што мислам дека сите ние имаме доверба во државата и

V/5.-

државните органи. Да ги санкционираат сите работи и одговорните да одговараат. Ве молам, доколку се отвори темата на ова тогаш да разговараме сите. На ваков начин само ќе ја подзагрееме и така загреаната температура секаде. Во 12 се повикани. Јас не знам што се случува таму со моите сограѓани. Тој јавен бунт зборува за нешто друго. Дали некој сака да излезе од чинот на државноста од институциите на власта. Ве молам, да ги мериме зборовите, бидејќи тие се сериозни ако излезат од она отвораат некои други простори, а тие простори во една соседна држава веќе се излезени и знаеме што се случува. Ако сите можеме да се задржиме, бидејќи среда е, темата на која ќе разговараме бидејќи има некој повеќе емоции, некои се лично, меѓу кои и јас загрозени со тоа што таа дамка пропаднала во последните два месеци. Да не правиме некакви мистерии, а некои луѓе таму недолжни да страдаат. Одговорноста на сите нас ќе биде, а особено на лидерите од големите партии, лидери кои што биле во овој парламент. Пред три години зборуваме - ве молам кои три години, јас не сум три години, две ипол години сум тука. Знаеме визави кои беа спротивностите. Имаше една партија која вчера повика, лидерот на јавен бунт во Битола и претседателот на ова Собрание беше во ова. Ова партија каде што јас седам броеше 20-тина и неколку луѓе. За која одговорност јас денес да се странам и да се црвам пред некои граѓани од градот во кој што сакам мирно да живеам и моето семејство. Ве молам, на една толеранција да ги мериме зборовите, меѓутоа искрено да разговараме и да ги разрешиме проблемите. Ако сакаме денисфикации да правиме јас сум ете емотивно настроен се бавам со професија што е емотивна и не можам да се воздржам, многу го респектирам почитуваниот претседател Стојан Андов, на другиот не го спомнав името затоа што вчера се осетив повреден, затоа што може денес да ми се загрози, јас имам таму фамилија, доаѓам тука да разговараме во интерес на Македонија која што сите ние ја сакаме.

Во таа институција која ја претставувам и денес добро утро си викаме и со Албанци, и со Турци. Еден текст Горан Стефановски каде што застанал како извршен продуцент визави сите луѓе кои што сакаат и од едната и од другата да се спротивставуваат живее и оди низ Европа. Нешто друго ни се случуваше со нашите родители и Албанци и Турци кои живеевме и денес тие по трети поколенија работат заедно. Немојте ние како политика тука да градиме а од друга страна да ги разјадуваме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Бранко Арсовски бара процедурално.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Јас лично како пратеник кога ги добив овие материјали, денеска декларацијата и она што го слушав од премиерот, го почитувам неговиот говор меѓутоа, кај мене постои една голема дилема. Најискрено кажано бидејќи ги гледам состојбите во парламентот дека се ставени во една конфликтна ситуација, секој ќе се докажуваме колку сме припадник кон едно или кон друго, меѓутоа лично сметам и очекувам најискрено, а тоа очекував од нашиот министер з а внатрешни работи кој е извонреден социолог, еден теоретичар, практичар, дека од аспект ќе имаме една длабока анализа која комплетно ќе ги отслика сите аспекти на меѓунационални односи, од уставното решение, па се до она практично спроведување преку позитивни законски прописи. Може ме ли тоа да го имаме, бидејќи гледајте што е наслов на дневниот ред - Собранието на Република Македонија ќе расправа за начините и формите за унапредување на меѓуетничките односи во рамките на Уставот на Република Македонија и низ институциите на системот. Тоа е сериозно, комплексно, сложено прашање кое треба да се анализира низа, низа, низа елементи кои создаваат една конфликтна ситуација. На социолозите и на другите и вас ви е познато што значи еден конфликт.

V/7.-

Конфликтот предизвикан од кои фактори. Кои се тоа фактори. Јас ќе ви кажам дека во Уставот...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, тоа не е процедурално.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Ќе предложам, само да образложам.

Во тој контекст ако ние овде ја немаме генезата, етиологијата ја немаме тука, феноменолошките аспекти ги имаме ли? Ги немаме. Ја утврдивме ли дијагнозата? Не ја утврдивме. Како ќе ги нудиме решенијата, бидејќи решенијата треба да се нудат врз основа на сите овие факти. И во тој однос лично апелирам, бидејќи ние ја пречекоривме уставната определба, посебно член 7 8 во кој ние како парламент, а тоа е уставна категорија не допуштивме за меѓунационалните односи да расправаме преку една опстојна анализа во Советот за меѓунационални односи. На сонетото за меѓунационални односи. претседател е претседателот на Собранието. Ние во тој совет имаме повеќе членови од сите парламентарни групи тука. Во различен состав. Тој е хетерогена структура. Ние често зборуваме Албанци, Македонци. Во Македонија живеат и други националности. И Срби, и Роми, и Турци и Власи итн. итн. Сето она што го сместивме во самиот Устав. Прочитајте ја преамбулата и говорот на г-динот наш претседател.

**ТИТО ПЕТКОВКСИ:**

Гидине Арсов, јас се извинувам што ве прекинува. Јас ве замолив на почетокот немојте под фирма на процедурално да си ја завршите дискусијата.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Пак работам во интерес на парламентот и на Владата.

Лично би замолил, тоа е мое залагање, лично залагање, бидејќи јас како пратеник, ги немам основните показатели што е нарушено во

економската сфера, што е нарушено во социјалната сфера, што е на културен план, што е од правните аспекти, што е од политичкиот аспект. Многу елементи има кои влијаат на сето тоа. Ако јас тоа го имам тогаш ние ќе предлагаме и решенија во однос на нови законски проекти или реализација на тие закони.

Од кој аспект и јас би молел Собранието да ја одложи расправата по оваа точка со единствена намера многу позитивно да одговориме на она што сме ние парламент. Сепак сме ние законодавен орган. Владата е таа, во член 91 многу паметно таму сме напишале дека Владата ги следи законите, појавите итн. Појавата, конфликтната тоа е сериозна појава и мислам дека ќе погрешиме со нашето искажување. Дури лично сметам, бидејќи многу пати, шеста година ние во парламентот ние преку разговорите овде придонесуваме многу меѓунационалните односи на теренот да се влошуваат односно да се создаваат конфликти. За таа цел, со најдобра намера јас како претставник на социјалистичката партија предлагам да ја одложиме расправата а Владата да има време да ги вклучи сите структури да ја проучат правата положба, генезата на меѓунационални односи и тогаш ќе ги понудиме правите решенија како ние понатаму ќе ги разрешуваме основните проблеми. Ако се зафатиме само за педагошкиот факултет ние не одговараме на темата. Инаку, јас како декларација ја прифаќам. Декларацијата има извонредни обележја кои можат, меѓутоа за нас е битна правата анализа во оваа сфера.

Во тој однос предлагам парламентот да гласа по мојот предлог дали се согласува да се одложи оваа седница во рамките на една недела, а за таа недела Владата да прибере посебни податоци кои би биле релевантни и многу покомпетентно јас како пратеник ќе се произнесам за одредени состојби. Се плашам, гледам дека од секоја страна секој пишува реферати и ќе се докажува колку е патриота од една или од друга националност.

V/9.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Арсовски, тоа можевте да го побарате кога ја закажав седницата и кога го утврдувавме дневиот ред. Сега веќе е доцна.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

**Јас не велам да се прекине расправата туку да се одложи.**

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, имам намера да кажам неколку збора околу значењето на оваа тема од аспектот кој јас го покривам во Владата, а тоа се надворешната политика, значењето на Република Македонија проценка од надвор токму на овој терен и да се осврнам на неколку тези кои пратеникот Андов ги кажува доволно интересни за да предизвикаат реакција.

Имено,столбот на проценката, како што гледате од доставените резолуции односно декларации на Европската унија и заклучоците на постојаниот комитет на ОБСЕ, меѓународната јавност во една битна, може би суштинска проценка на македонската политика генерално, на политичкиот систем и начинот на кој се води воопшто политиката внатре во земјата ја зема токму оваа точка. Точката на водењето на меѓунационалните меѓуетничките односи, дијалог, начинот на кој тие се поставени, конституционално и во политичката динамика на односите на политичките актери.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:** (Продолжение)

Во таа смисла за Македонија се изгради став дека е таа европски модел на Балканот, дека не е во таа точка типично балканска земја со онаа суровост и оној балкански затворен круг на реваншизам и одмазди и судири која е општа карактеристика или општо место. Од таму тоа не е проценка која се заснива само на желбите или непознавањето на посматрачите, таа токму се потпира и на нашите суштински проценки за темелите на политичкиот систем и стабилноста на РМ.

Од таму, меѓуетничките односи и начинот на кој тие се се водат, уставните решенија, законските решенија кој во процес се донесуваат, меѓутоа, она што е важно методот на водењето на дијалогот кој е практично повеќе од половина од решавање на проблемот ако тоа е постави на правилен начин ние имаме шанси да изградиме пристојна парламентарна демократија ое европски тип. Обратното е соочено со онаа позната, да не повторувам, познат предизвик на судир внатрешен кој може да заврши секако со најтрагичен начин, со граѓанска војна.

Овој модел не беше нешто што некој ни го подари, ова беше модел на свесна политичка акција и избран концепт кој се реализира од исклучително тешки периоди од македонската современа историја. Во еден период од 1990 - 1991 година имавме исклучително тешки односи со соседите, внатрешна турбуленција, или внатрешни проблеми и секако односите меѓу главните етнички групи, македонскиот народ, националностите кои живеат во Македонија.

Истовремено ние бевме соочени паралелно и постојано со алтернатива на ваквата опција. Таа не беше опција на широк и до крај доведен консензус во Македонија. Таа опција се соочуваше со

алтернативи. Точно е тоа дека тие алтернативи не беа вообичаени во концепција, меѓутоа по сите политички изјави на актерите можеа да се извлечат како заклучок. Едните и сега се доследни и сега ги има на политичка сцена од една страна екстремизмот во делот на македонските, условно да ги наречам, политички партии и екстремизмот во кругот на албанските политички партии во Македонија. Во половина од програмите или до половина од нивните програми таа опција е еднаква и таа се сведува на следното дека во Македонија не може да се живее заедно, дека треба да се живее на еден или ан друг начин одвоено. Во македонската политичка опција онаа која ја промовира ВМРО-ДПМНЕ во најчиста форма смета дека тоа треба да биде држава на еден колективитет, значи една колективистичка опција во која другите ќе бидат на некој начин, гости и граѓани од втор ред. Тоа јавно се промовира од почетокот до сега.

Во другата екстремна политичка опција на граѓаните албанци односно партиите на граѓани албанци во Македонија или една од нив ПДП-А таа политичка опција се сведува до тој момент на истото дека во Македонија не може да се живее заедно, но резултатот на крајот дека треба поради тоа да се одвои односно да се сепарира на начин или во фази да се овозможи федерализација на земјата, а понатаму развој и комплетна поделба.

Заклучокот на двете опции, двете алтернативи кој се формулираа или лебдеа во политичката сцена е ист. На некој начин поделба на единствената македонска држава и тоа отворено се вели. Партиите од овој вид отворено на јавна сцена го велат, тоа не се заклучоци кои некој ги извлекува во нивно име или им ги импутира. Тие отворено тоа го велат. Методот е развој на политичка нестабилност, се користи најважната и најчувствителната точка за тоа, а тоа се меѓунационалните односи обидувајќи се нешто друго да се замени во позицијата на

најважната работа во Македонија  дека нешто друго е поважно од тоа и резултат од тоа да биде слабеење на базисот на стабилноста на македонската држава.

Излезот кој оваа опција кој Владата во овој период односно две влади во овој период го спроведуваа и сите други функционери кои се надлежни во оваа област, беше да се создаде граѓанско општество во чиј суверенитет и центар на суверенитетот ќе биде граѓанинот и од една страна да се создадат еднакви шанси за граѓаните или да се градат еднакви шанси за граѓаните во таквото општество и со соодветна заштита и гаранција на културните и правата на различност се заштити културниот идентитет на етничките групи. Тоа е онаа цел кон која треба да се движиме. Таа цел е проценета и вреднувана од меѓународната политика која се однесува и на нас или се однесуваше. или сеуште се однесува на нас. Некој од актерите овде функционираат како де на меѓународен мониторинг како да не биле претходно во оваа земја и не учествувале во неа како тоа се градело. Г-динот Андов односно пратеникот Андов функционира како дел од меѓународен мониторинг па сега е дојден овде да ни објасни што е проблемот или кај ни се проблемите овде. Тоа функционираше 6 години и макотрпно стапка по стапка се градеше таа политика. Тоа не е политика на еден актер, на една група, тоа е политика на една опција во која голем број луѓе се вградија и Владата нема намера во таа смисла никаков ексклузивитет во тој однос да има, туку обратно се обидува тоа да биде доминантна политика во РМ во корист на сите граѓани во неа.

Второ што сакав да го коментирам во оваа точка и во овој настап е билансот. Се бараат биланси на таканаречените преговори со

албанскиот фактор. Повторно се функционира како да е дел од меѓународен мониторинг. Имено, од почетокот до сега никогаш не станувало збор за преговори. Во самите извештаи на меѓународните конференции каде се формирани комисии стои точна дефиниција дека се работи за разговори во областа на тоа, а тоа се битни разлики. Кај преговорите имате преговарачки страни, има формализирана процедура, а не разговори кои се неообврзни и во самите заклучоци на тие комисии овде одржавме над 30-тина состанока можеби и повеќе, тоа се заклучува. Спрема тоа, тоа не е нешто што некој некого обврзува, тоа е нешто што би требало во дијалогот на линија на развој на меѓуетничкиот дијалог и разрешување на прашањата кој се спорни да помогне. Влегувањето во некои слепи улици на тој дијалог поради взаемната недоверба едноставно да се одмрзне, условно да речам, експертско мислење на трет спореден со некакви европски стандарди во однос на кој тој дијалог се водеше. Од таму нема биланси на преговори, постојат разговори кои се воделе за прашања тие разговори со едно или друго темпо се водени наназад, во овој момент се прекинати поради промена на мандатот на комисијата можеби ќе продолжат понатаму и тука нема никакви биланси и тие беа отворени за јавноста, како што знаете, со прес конференции на актерите кои ги водеа и на партиципиентите кои учествуваа во нив. Тука постои голема транспаренција. До душа постои и злоупотреба на тоа, но секоја работа може да се злоупотреби.

Второ, сценаријата. Оваа точка околу која сега разговараме и една од точките во предлог - декларацијата која ви е на увид,, е токму избегнување во центарот на жестоките политички судири кои се наметнуваат бидат меѓуетничките односи. Тие се малку поважни за РМ да бидат предмет на поткусурување во партиските борби . Тоа е она што

е важно односно тоа е онаа процедура околу која е важно да се согласиме, да се согласат сите кои учествуваат во таа политичка борба, бидејќи ризикот е преголем. Од тоа никој не може политичкиот ќар да го види на крајот. Тоа е едноставно обидот тоа да се стави на страна и да се обидеме на некакви процедури да го застановаме целиот тој дијалог. Тоа е многу. Тоа не е малку, не мора на почетокот да се разговара за решение. Важно е да се воспостават процедурите, важно е да се избегне она што не смее да се прави, да не се отиде во сосема погрешна насока која ќе доведе до сури. Тоа е многу. Тоа не е малку.

Декларациите од тој вид секаде и во меѓународните рамки и во парламентите кои ги носат не нудат конечни решенија, тие се израз на волја да се воспостави некој процес во насока во која е пожелен. Ние имаме повеќе од една причина ова да го посакуваме да се движи во оваа насока, во насока на толеранција и дијалог и никогаш да не заборавиме дека тоа сепак е најбитната точка на политичките односи во Македонија како тоа ќе се води. Поврзано со тоа, најголема политичка одговорност сноси.

Второ, агрономска теза дека во Македонија гасните комори немале политички корени. Ве молам, што има политички корени, тие можат да создадат политички корени. Ако политичката акција не биде во насока да ги пресече, тие ќе создадат. Таква политичка агрономија не му треба никому да си игра со тоа. Денеска ги нема утре ќе ги има. Ние ги гледавме земјите пред нас кои таквите корени одеднаш ги создадоа и тоа жестоки корени на меѓурасна омраза и меѓуетничка омраза. Јас тоа често пати го користам дека таа политичка традиција во Македонија била различна од другите, меѓутоа, тоа не е добиена работа, за таа работа

секогаш секој ден се води битка. Ако се испушти многу е краток и многу е лесен патот до сосема различно сценарио и сосема различна политичка реалност. Токму тоа е повторно значењето на начинот на кој овие односи ќе се третираат. Тоа воопшто не фрла сенка на важноста на другите проблеми или значењето на другите проблеми и дискусијата за нив. Но, едноставно, тие не треба да се ставаат на местото на важноста на овој проблем.

Јас не знам од каде тоа инсистирање сценаријата да се разрешуваат само односно пред се со таканаречените надлежни органи за тоа, односно најчесто МВР. Тоа се политички сценарија, тоа не се криминални, тие можат да бидат криминални сценарија, меѓутоа, во овој случај тие се политички сценарија за досегање на власта преку злоупотреба или политичка манипулација со прашањата на меѓуетничките односи, политичката манипулација со деца и малолетници, значи методот на користење на доаѓањето до власта е крајно; неприфатлив, санкциониран со меѓународни конвенции, а тоа се користи, тоа е тоа неприфатливо политичко сценарио, а дали е тоа криминално сценарио и веднаш упатување, а има надлежни органи ве молам, за тоа е потребна политичка борба, а на Владата да и се одземе можноста за политичка борба е, тоа е политички аматеризма без преседан. Владата е политички орган составена од политички партии, ние водиме политичка борба секој ден. Точно е дека постои администрација, но нешто друго е административната власт и администрацијата и со меѓународните правила неутралноста на администрацијата, а сосема друго е Владата. Владата е политички извршен орган и да се сугерира дека Владата тоа треба да го остави на политичките партии, тука треба некоја награда да се додели веднаш на производителот на оваа теза.

Она што на крајот мислев да го спомнам околу важноста на ова прашање или важноста на расправата аз ова прашање она што е важно за нас и она што не смееме никогаш да го заборавиме дека загриженоста со која другите не гледаат не смееме да ја игнорираме, не смееме да ја сведуваме дека во овој случај се заменуваат тези, се става оваа теза за расправа за да Владата се покрие како на пример за прашањето за штедилниците, стечаите, лековите. За се постои начин да се расправа и веројатно не може да се сокрие таа расправа. Меѓутоа, ова прашање секогаш било кичмата на стабилноста на РМ. Тоа прашање заслужува третман ваков каков што се обидуваме со оваа седница токму да му дадеме и како ј што очекуваат од нас да го дадеме. J

Од таму Декларацијата која е понудена од мој аспект ако ја погледам и ако дозволите да го искажам своето мислење таа не може да ги реши проблемите и не може да се очекува да неа дека треба да понуди решение. Таа не е декларација за решенија. Таа е декларација за начинот на водење на дијалогот што е многу важна работа што е повеќе од 50% за решавање на проблемот. Ако се воспостават процедури и ако се избегнат погрешните методи и тоа е доволно тоа не е малку, тоа е многу. Од таму околу решенијата кои се понудени и кои се стандарди на некој начин не можеме нешто посебно да изнесеме може некои конкретности да бидат предмет на расправа е важно да се постигне консензус, многу е важно да се постигне консензус и кон тој консензус треба да се апелира. од оваа говорница јас апелирам кон тој консензус околу начините на кои се водат тие разговори. Тие не мора да донесат решение до крај, можеме да се разликуваме во проекцијата, до решени јата, меѓутоа, методот на кој се водат едноставно е важен. Апелирам

на вас и на нас секако, кои учествуваме во извршната власт тој начин и тој дијалог да го држиме надвор од политичка манипулација. Тоа ќе значи многу, тоа ќе значи еден однос кон тоа прашање кое на некој начин гарантира на Македонија кон тоа прашање да остане надвор од овие виори кои се околу нас, од овој колапс, од ова пропаѓање на кое сме сведоци околу нас. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Андов - реплика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине претседателе, дами и господа, ќе ми дозволите да ги спојам деловничката интервенција и репликата.

Прво, мислам оти седницата не е добро подготвена, лошо е подготвена, можеби свесно е лошо подготвена. Ако Владата доставеше материјал можеби и дел од излагањето на Фрчковски ќе беа тука во материјалот. Можеби и Фрчковски ќе имаше право да земе збор овде ако Владата го назначеше како претставник на Владата по таа точка и по тој материјал. Меѓутоа, Владата не достави материјал. Информацијата од Владата што ја слушнавме, ја слушнавме од претседателот на Владата и тоа е се. Тоа е. Владата нема што да слушнеме освен ако претседателот на Владата не сака нешто да додаде. Тоа е парламентарна расправа и парламентарна работа. Инаку, интервенцијата на Фрчковски е надвор од дневниот ред ан оваа седница, тој не беше овластен да земе збор, не беше најавен, немаме материјал чиј претставник е тој тука. Тоа е прво што сакам да го спомнам.

Второто е реплика. Пред некој ден читам во еден неделник дека јас и уште еден лидер се држиме како претставници на странски мисии кои вршат мониторинг овде. Сега го слушам г-динот Фрчковски да ми ја даде таа карактеристика и дефинитивно и уште не ми е јасно дали тој ги пишува тие написи таму или ги диктира или пак друго не знае да каже од тоа таму што ќе го прочита.

Понатаму, како што му се слободни сите кривини и да води политичка борба во име на Владата со саати пред Македонската телевизија и А1, а политичките противници да немаат можност таму да дојдат така тој мисли и ова е слободна говорница да може да застане кога ќе му текне и како ќе му текне. Има ред за таа работа и ги молам сите министри и претседателот за тоа да внимаваат.

Понатаму, што се однесува до билансот, јас овде аматерски и агрономски сум сакал биланс. Ги знам неговите интелигентни интервенции како некого да навреди, да понижи итн. Агрономски треба да значи јас сум некој селјак сега, а имам високо мислење за селаните, има поумни и од мене и од Фрчковски секако меѓу нив. Меѓутоа, со таа дисквалификација на човека, а со тоа се служи цели 5 години тоа му е главниот манир во политичкото делување на Владата кога делува надвор. Тој се обиде да каже дека јас сакам некаков биланс, а тој пред некој ден во политичката борба на Владата во емисијата "Без наслов но со повод" го кажа, само не го прецизира.

**СТОЈАН АНДОВ:** (продолжение)

Четириесет прашања имаше, четири уште се нерешени другите се решени. Ниту знаеме кои се решени, ниту кои биле, ниту кој каков став имал по едно, кој како став по друго тн. Билансот си го чува во џебот. Кој е тој биланс за таа работа.

Околу Декларацијата.

Жал ми е што Декларацијата, пак заради лошо водење на седницата не ја ставивме на дневен ред. Декларацијата не е точка на дневен ред и не можеме да расправаме по неа. Таа е изјаснување на група пратеници. Тие не бараа да биде точка на дневен ред, вие не ја ставивте и погрешивме што не ја ставивме.

Меѓутоа, сега ги гледам маките на г-динот Фрчковски. Тој четири години водел разговори , ама без методот. Со оваа Декларација ќе се утврдел методот и 50% од проблемите ќе се реши.

Ве молам да закажеме друга итна седница, да ја донесеме декларацијата и да се реши ова што г-динот Фрчковски го вика.

Што се однесува до меѓународниот фактор, па ние не сме толку несвесни да не знаеме што меѓународниот фактор ќе пофали овде, дека меѓунационалните односи треба да бидат мирни. И вие мислите заради тоа што ќе не пофали меѓународниот фактор, треба да бидат мирни? Па треба да бидат заради сними, внук ми, заради тебе, заради децата твои. За тоа треба да бидат добри меѓунационалните односи, за ние овде да не настрадаме, да не не тапкаат по рамо она што им правеа со години на босанците и едни и други и трети. Зошто би се меѓународните фактори во оваа парламентарна дебата.

Четврта точка е дека никој ниту е аматерски и агрономски тезата, некој што сака да и го земе правото на Владата политички да дејствува и политички да се бори. Владата нема право политички да се бори со политичките партии. Таа политички се бори во Парламентот. Затоа е

Парламентот. Инаку Владата настапува спрема политички партии, кои се или не се, со авторитетот на државната власт и тогаш Владата е злоупотребена од владеачката партија.

Јас не велам Владата да не се занимава со политички дебати и со политичка борба. Затоа и барав овде седница на Парламентот. За тоа барав, тука да биде борбата, а не Фрчковски секои две недели на телевизија по еден час и не знам колку, сите други биле малоумни, малолетни и тн. Какви се тие фазони? Како може тоа така и во која земја го има тоа така. Министер за внатрешни работи беше господинот четири години и делеше лекции која партија чини, која не чини. Оваа е врзана со Србија, оваа е врзана со ова па кривична пријава, бре човече. Како, ти си министер за внатрешни работи што ги плашиш луѓето. В о Парламентот ќе го кажеш тоа што сакаш да ти биде политичка борба.

Затоа, господине претседателе или прекинете ја седницата, Владата нека си одржи седница, да ни каже кој е овластен овде да зборува, или продолжете како сакате, само така не се водат седници.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Андов, јас не случајно Ви го доставив и барањето односно предлогот од Владата до сите пратеници.

Во предлогот од Владата што ја предлага оваа тема, стои дека сите министри се овластени претставници на Владата по оваа точка на денешнава седница. Вие тоа може да не го признаете, меѓутоа тоа е така. И јас немам никаква причина да го ограничувам учеството на министрите во расправата, ниту такво право, ако Владата ги овласти односно каже дека се овластени претставници на Владата. Тоа е прво.

Второ, велите дека е лошо подготвена седницата. Па јас очекував вие да дадете свој прилог во подготвување на седницата.

Јас не ве разбирам. Од една страна велите дека не свикувам хитно седници, секој ден ме опоменувате преку средствата за јавно информирање, а од друга страна, кога ја свикавме седницата, викате дека лошо е подготвена. Очекував од вас, барем да дадете тема, точка, информација да напишете, да не очекувате од Владата. Да ја организираме седницата. А, ако вие баравте до Владата, Владата достави Информација, и еве денес веќе во усмена форма таа е дадена и имавте можност сите да се запознаете. И тоа не е надвор од Деловникот. Според тоа немојте да обвинувате за нешто, за што, очигледно и Ваш пропуст е.

За декларацијата да кажам дека овде јасно стои, во уводниот дел, во писмото пропратно што се доставува до Собранието, од група пратеници дека Предлог декларацијата се доставува по повод расправата и се предлага, по завршувањето на расправата да се усвои декларацијата. Ние можеме да ја усвоиме, или не. Меѓутоа, по неа имаме право да расправаме, така се предлага од пратеничката група.

Има збор г-динот Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Уште еднаш сакам да ви укажам . Ние баравме информација на Владата , со посебен акцент , на нејзината седница од 23 која беше повод и основа да може да каже претседателот на Владата дека постојат штабови, сценарија и тн. Ние тоа го баравме.

Ако мисли претседателот на Парламентот дека за таа точка ние можеме да дадеме информација, тогаш навистина треба да ни каже како тоа да го направиме, веројатно да го украдеме материјалот од таму па дапишеме некоја информација. Се разбира, треба да чита точно што сме напишале. Меѓутоа, мислам дека тука не помага укажувањето кој треба да подготви материјал. Се разбира одговара за тоа Владата и Владата требаше да ни направи материјал па да можеме за тоа да расправаме.

Инаку сакам овде да го злоупотребам моето излегување и да кажам дека апсолутно не ги поддржувам тие повици на бунтови за кои зборуваше г-динот Стефановски. Ние за тоа и бараме овде да се расправаат сите работи а не по улиците.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Зарем е вистина мислите г-дине Андов дека ние како Собрание имаме право, од Владата како носител на извршната власт да бараме од затворената седница односно вонредна седница да ни ги доставува материјалите. Да не ги измешаме работите според уставот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас мислам дека за некои основни заклучоци за кои зборувам премиерот пред целата јавност, македонска и светска, Парламентот има право за седницата да бара овде информација.

Владата има право, ако мисли дека некои од тие аспекти се од исклучително доверлив карактер, може да бара од Собранието да и се обезбеди, или затворена седница на Собранието, или тој дел од материјалот да се чита во посебни простории. Владата треба да го информира Собранието. Не можам да разберам, за вакви крупни прашања, да преовладее кај нас разбирање и став, Собранието да не смее да биде информирано од Владата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Фрчковски има реплика.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Ќе го искористам моето право да бидам претставник на Владата и во овој случај повторно да му укажам на г-динот Андов дека Парламентот, а и тој како пратеник овде, нема прво да бара увид во расправата од седницата на Владата. Нема право за тоа.

Тоа е поделена власт. Он може да расправа , како што сите парламенти може да расправаат за политичките ставови кои Владата ги искажа односно што премиерот во нејзино име ги искажа. Тука е отворена расправата за тоа. Но, увид во сето тоа, стенограми да донесеме да погледнете за тоа, тоа едноставно не може. Ако ја погледнете формулацијата во барањето, тука е повторно работа на забуна од еден претходен систем, мала инерција која ние не ја коментиравме посебно . Едноставно прескочивме во ставот.

Второ, повторна збунетост мала веројатност.

Вие бевте претседател на ова Собрание кога ова Собрание го прифати т.н. документи од бившата Хашка конференција каде што беше утврден мандатот на групата во рамките на која се водеа и разговорите, овде ја водеше г-динот Герт Аренс. Таму беа утврдени правилата, што ќе се расправа, како ќе се расправа. Значи тоа беше од процедурален аспект јасно, тогаш. А што се разговарале, тоа беше на без број ПРЕС конференции кажувано.

Јас можам за вас, како пратеничко прашање, ако барате да одговорам кои беа сите тие, онолку колку што јас имам увид, бидејќи учествуваа и други министри, министерот за правда, за образование, сите прашања кои беа расправани до сите разговори на оваа конференција, со задоволство ќе го направам. Значи мала збунетост.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има реплика г-динот Стефановски.

**БЛАГОЈА СТЕФАНОВСКИ:**

Кога говорев за претседателот на една партија, кажав дека тоа се однесува и не го спомнав името. Сега ќе го кажам.

Имено претседателот на ВМРО -ДПМНЕ се надоврза на еден повик потпиран од група на граѓани, кој беше поделен пред еден ден односно пред една вечер до сите ставови во град Битола и во кој децидно се

велеше дека на пратениците треба да им се одземат пасошите и ред други работи, ги повика на јавен бунт. Тој гласно го потврди тоа, дека стои позади тоа.

Второ, кога го повикав претседателот на Либералната партија, почитуваниот Андов реков да не споменува, а тој го спомна децидно, кажа што бара градоначалникот меѓу тие штедачи.

Јас прашувам, кој друг ако не градоначалникот. Тој е претседател на сите граѓани во Битола, Тој мора да ги штити интересите на граѓаните. И ние како пратеници мора да застанеме зад граѓаните и зад штедачите. Јас не мислам да седам во овој Парламент ако тие граѓани ги ограбиме. Ние мораме да застанеме за она што е реално, зад заблудите. Не како некој господин тамо, претседател на Народна банка кој вели, нема врска, тие се лажеле, ставале тн. Тоа се заблуди. Вие со тоа ги викате граѓаните да не одат кај градоначалникот а тој градоначалник е тој што треба да ги штити интересите на тие граѓани а со тоа и на штедачите. Тоа е она што мислам дека со тоа се приклучувате на репликата која ја даде вчера навечер претседателот на ВМРО-ДПМНЕ:

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имаме многу чудни случаи овде, човек треба да одговара и да се објаснува со говорници кои ќе поставаат сами теза и ќе измислат дека таа теза е твоја, па ќе полемизира со неа и ќе ја обори.

Јас на никого не му реков овде дека треба да ни ги дадат овде стенографските белешки од Владата. Јас побарав и мислам дека Собранието има право за тоа и по новиот Устав и по сите устави во светот ако премиерот каже јавно дека заседавала Владата и дошло до уверување дека постојат штабови тајни, овде, кои треба да ја рушат стабилноста на земјата и постојат повеќефазни сценарија, Собранието за тоа треба да биде информирано. Ако не сака Владата да заштити

некои од штабовите, тогаш треба да ги информира, навистина, зад тие штабови. Тоа е првото.

Што се однесува до она второто за Хашката декларација, се разбира, знам, јас претседавав. Таму е основана групата за тоа. Меѓутоа од тогаш кога претседавав се до денес се информирам како течат работите , преку ПРЕС конференции. Собрание е ова и треба да биде информирано од време на време што се случува, за да може да знае, кога ќе ни дојде предлог на закон овде, да се повикаме, да, гледаш тоа ние како Собрание го одобривме тогаш кога се разговарало таму и таму, врз основа на тоа и тоа. Тоа е одговорот за ова прашање.

Трето, зошто го спомнав г-динот градоначалник.

Мислам, по она што го читаме во весниците, јас не го познавам човекот и немам никаква забелешка за него, он е избран таму и е градоначалник на сите граѓани. Меѓутоа, малку пренаметливо се однесува спрема целата работа.

По тоа што го читаме ако он не е штедач и изјави оти не побарува ништо од ТАТ и да изјави дека ништо не долгува на ТАТ, не земал пари од таму, тогаш ќе му верувам дека ги штити интересите на вас штедачите., Ако тоа не е јасно, тогаш он може да си ги призаштити малку своите интереси. Таква му е позицијата. Затоа го реков тоа.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе почитувани пратеници, ми се чини дека, не би сакал од никого да бидам погрешно сватен, не до крај сериозно пристапивме кон една исклучително сериозна работа, како што е сферата на меѓуетничките односи и расправа по тој повод во Собранието на РМ.

Од сите искажувања што досега имавме прилика да ги слушнеме, една работа е заедничка. Тоа е дека ова е,можеби, една од клучните работи за сочувувањето не само на стабилноста на државата, туку и за опстанокот на државата.

Ако ја погледнеме картата на Европа, ги погледнеме местата каде што има судири и војни, ако го видиме карактерот на тие судири, ќе видиме дека секаде, скоро без исклучок се работи за меѓуетнички судири, често пати на тоа надоврзано и меѓурелигиски судири. Тоа не е само Босна и Хрватска, туку ни е најблизок пример па најчесто ја споменуваме. Погледнете ја Молдавија, Чечениј Азербеџан Грузија и тн.

И не случајно, дали успеав до крај тоа да го кажам во уводното излагање, реков дека , всушност, тоа што успеавме досега во овие изминати пет или шест години да го сочуваме мирот и стабилноста на оваа држава, во голема мера се должи токму на начинот и пристапот што го имавме за разрешување на прашањата од ова сфера. Постои заедничко сознание дека тензиите по ова прашање повторно се подигнаа во РМ, повторно произлегоа страсти и емоции. Поводот непосреден беше донесувањето на Законот за употребата на јазиците на Педагошкиот факултет. По тој повод излегоа илјадници млади, не само низ Скопските улици, туку низ повеќе градови низ Републиката. По тој повод ви кажав дека имавме ситуација која што е страшно загрижувачка, а тоа дека беше просто невозможно да се елиминира ризикот од инциденти меѓу самите деца кои припаѓаат на различни националности.

Не е случајно што Европската Унија токму сега оценила дека е битно да донесе декларација за состојбите на меѓунационален план во РМ. Не е случајно тоа што Организацијата на ОБСЕ оценува дека е битно сега да го каже својот став околу состојбите на овој во Република

Македонија. Немојте да испадне дека овие од надвор, меѓународни институции и други се посвесни за сериозноста на овој проблем отколку ние овде кои што, нели, сме избрани, или поточно да се изразам, вие сте избрани во името на народот а ние од вас сме избрани, токму за да успеваме, толку колку што можеме, со она темпо со кое што е можно, ако не можеме со големи чекори, барем со мали стапки напред да ги хармонизираме тие односи, да успееме да градиме една меѓусебна доверба едно меѓусебно почитување, еден меѓусебен респект. Точно дека е сега моментот каде што треба, токму институциите и овој Парламент и Влада и не само тие. Од оваа седница посакувам да излезе една јасна порака до сите граѓани на РМ, да бидеме свесни за сериозноста на моментот и сериозноста на прашањето.

Мојот апел до сите вас пратениците е да се обидеме каков дух на оваа седница да и дадеме, каква порака од оваа седница да отиде до сите граѓани на РМ без разлика на која националност припаѓаат. Немојте, ве молам, немојте ве молам, пак да влеземе ниту во дискусии од формалистички тип, ниту во дискусии од процедурален тип, ниту во бројни или безбројни взаемни реплики во кои што взаемно ќе се надмудруваме. Денеска таа е темата, за неа дискутираме. Дајте, овој Парламент како многу пати досега , сме имале исклучително тешки и одговорни задачи во изминатите пет -шест години од осамостојувањето, секогаш Парламентот бил на висина на моментот и знаел да ја донесе и вистинската одлука и да ја прати и вистинската порака до сите граѓани на РМ и до меѓународната јавност.

Станав само да интервенирам, да го упатам овој апел да се обидеме сите заедно со заеднички напори да ја насочиме дискусијата во тој правец, декларацијата е предложена од пратеници не што припаѓаат

само на една парламентарна група, колку што видов потпишана од повеќемина. Декларацијата може да биде резултат од расправата, може да биде и проширена, збогатена, изменета, може и некои други заклучоци да бидат донесени. На пример јас би предложил заедно од оваа седница да упати апел до овие деца, гледам се навредуваат кога ќе речеме,деца млади луѓе во паркот пред Собранието, да го прекинат штрајкот со глад бидејќи тоа не е начин на решавање на проблемите, поготово од оваа исклучително значајна сфера за иднината на нашата држава.

Ве молам да дадеме сите од себе што можеме, оваа седница да биде седница од која ќе произлезе една добра волја и една добра енергија ширум цела Македонија.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, министри.

Меѓунационалните односи, тема која денеска ја расправаме претставува едно широко поле, или поточно речено едно море без дно, бидејќи има толку проблеми и широки димензии, што сигурно тешко е да ги димензионираме денеска. Оттука ценам дека Владата после оваа широка расправа треба да ги операционализира, селекционализира проблемите што ќе бидат идентификувани како значајни и важни за разрешување на поедини проблеми, актуелни, чекор по чекор, бидејќи од нив зависи, како што беше речено и иднината и стабилноста на состојбата на Републикава.

Лично јас сум против расправа за една ваква тема во Собранието, бидејќи полека, сигурно ќе ни лични како на социјалистички сојуз поранешен или на некои поранешни централни комитети каде овие прашања биле на дневен ред расправани или пак на сегашните национални конвенции или политички партии кои овие прашања ги имаат од свој политички агол, политички сегмент итн.

Но, јас го прифаќам дијалогот, толеранцијата, разбирањето, меѓусебното разбирање како начин, како патишта, како средства за разрешување на проблемите кои ја тангираат нашата јавност, нашите меѓусебни односи, односите меѓу населението и граѓаните кои секојдневно, со повод или без повод стануваат проблематични.

И уште на почетокот една мала дигресија за Педагошкиот факултет. Точен е фактот дека пред четири години Унијата на албанските интелектуалци во Република Македонија покренаа иницијатива за основање Педагошки факултет во Република Македонија. Имаше целосен концепт. Тој требаше да биде така димензиониран во кој ќе се оспособуваат наставнички кадри за основно и средно образование и воспитачи за предучилишното образование. Но, во тоа време немаше

VIII/2.-

можности и сили тој факултет така да се прифати. Имаше и конкретен предлог на закон за основање на тој факултет. Подоцна, овој факултет го поддржаа комплет пратениците во претходниот состав на Собранието. Подоцна, пред три години идејата еволуира, па луѓето основаа универзитет во Тетово и овие пратеници се откажаа од идејата за Педагошки факултет и го поддржуваат Универзитетот во Тетово.

Меѓунационалните односи, како што истакнав, е доста провокативна тема, но и толку одговорна, интересна и истовремено значајна за иднината на Републикава. Такви се зашто тука се спротивставуваат краткорочниот и долгорочниот аспект на живеењето во Република Македонија сегашното и иднината, парцијалниот и општествениот интерес. Но, ние ја имаме таа чест нив почесто да ги проблематизираме во ова Собрание и одредени прашања од нив да се амортизираат, да се разрешуваат, се разбира со потешкотии, меѓутоа сепак нешто оди напред.

Вистина е дека по повод секој закон што ги тангираше овие односи ова прашање било доста анализирано, доста дискуџирано и сепак денеска специјално расправаме за тоа. Политичките позиции овозможуваат ова прашање да се разгледа од аспект на секоја политичка партија, од аспект на секоја политичка определба и, би рекол, по малку субјективно, зависно кој како ги почувствувал, како ги доживува, како ги сфаќа меѓунационалните односи. Дали ги сваќа како товар или како потреба. Ова се два збора, мошне значајни бидејќи од тоа зависи исходот на иднината на односите.

Оттука, јас по малку може да се плашам нешто повеќе да кажам за овие односи за широката македонска јавност и мошне одговорни институции меѓунационалните односи ги гледаат од позиција на правна унитарна држава на македонскиот народ и на националните малцинства, каде Албанците се сметаат за непријатели, за дестбилизатори на државата Република Македонија. Тоа се две работи што сакам да ги

истакнам. Но, има и едно трето, како да се менува овој однос и овој третман. И ова е наша заедничка задача, заедничка цел за да најдеме патишта, средства и начини како тие да се унапредуваат и да бидат подобри.

Нашата расправа треба да се одвива околу есенцијалното прашање како да се живее заедно без конфликти? Да се наоѓа заедничкиот интерес, напредокот и просперитетот? А, разликите да се надминуваат со демократски дијалог, со меѓусебна доверба, со разрешување на прашањата што ги тангираат секојдневно нашите градови.

Од овие аспекти актуелните прашања во понатамошниот развој на меѓуетничките односи во Република Македонија и остварувањето на рамноправноста на националностите и македонскиот народ како интегрален дел на демократскиот развој се повеќе се наметнуваат како грижа за стабилноста на државата. Иницијатива за разгледување и расветлување на проблемите од оваа сфера, како и за согледување на правците за нивно разрешување треба да даде оваа седница и од тоа сигурно се очекува да има позитивен исход .

Но, учесниците на протесните митинзи, македонските студенти, учениците и младината, како и други возрасни македонци кои се противат на употребата на албанскиот јазик на Педагошкиот факултет како малку влеваат надеж дека прашањето може да се реши како што ние сакаме и како би требало да биде.

Основно прашање, кога станува збор за меѓунационалните односи во нашава многунационална Македонија е какви промени ни се потребни за да можеме со свои сили коректно да ги градиме меѓунационалните доноси, градејќи притоа сопствена, стабилна, рамноправна, заедничка држава? Ова прашање до толку е релевантно кога се има предвид дијагнозата на тие односи кои се по малку целосно недефинирани, прогнозата која е неизвесна, заради отсуство на политичка готовност тие да се разрешат на најбезболен можен начин.

VIII/4.-

Јас се залагам и сметам дека сум инвестирал и политички и интелектуален капитал овие односи да се разрешат со демократски дијалог. Моите амбиции и понатаму се стремат во таа насока и тоа градење на свест за неопходноста од дејствување во доменот на рамноправноста како услов за унапредување на меѓунационалните односи и

Второ, донесување на програма и мерки за стабилизација на меѓунационалните односи, врз основа на договорени политички определби на ниво на Републиката, на републичките институции и на државните организации.

Образованието на албански јазик во педагошкиот факултет, тоа е основицата, предизвика живо интересирање во Македонија и надвор од Македонија. Тука ценам дека се измешаа основните вредности на сожителството и меѓусебното разбирање, се измешаа основните вредности на смислата дека може да се живее заедно. Законот за употреба на јазиците на Педагошкиот факултет ги разниша сите односи ги откри сите маски и тоа треба да се разгледа на две линии:

Прво, дека во Македонија нема готовност да се афирмираат и шират правата на националностите, правата на Албанците, за нив станува збор конкретно и,

Второ, проблемот на Албанците отвора еден простор и создава една нужна свест кај нив за да се има во потсвест нешто друго.

Целосното согледување на етничките состојби, на меѓуетничките состојби, на националните односи е комплексно прашање. Тоа беше веќе утврдено до сега. Затоа и расправаме. Тоа треба да поаѓа од нивниот уставно-правен статус во државата и подобрување на тој статус. Ова за што денеска разговараме, за барањето на дел на македонската младина идни интелектуалци, за ускратување на едно право, правото за употреба на албанскиот јазик на Педагошкиот факултет е без преседан во една демократска држава.

VIII/5.-

Протести пред донесување на Законот, протести по донесување на Законот, Барање за укинување на Законот, Штрајк со глас, Бојкот на наставата, Барање за укинување на квота за упис на националностите на Универзитетот. Зошто? Затоа што се учи на албански јазик или затоа што се бара албанците да бидат рамноправно третирани по сите образовни институции, конкретно во случајов, што е уставно право, што е едно стекнато право кога станува збор на Педагошкиот факултет.

Во овој контекст албанците се само предизвик за политички маркетинг на политичките партии или за нешто пошироко од тоа. Законот за употребата на јазиците во Педагошкиот факултет е повод за протести. Меѓутоа, тоа има подлабока позадина. Законот, ценам, е ситна работа. Затоа, мотив за протестите не се албанските барања, туку нешто друго, зошто ете и се расправа денеска. Притоа демонстрантите, нивните поддржувачи и тие кои се поистоветуваат со нив во поширока смисла забораваат на темелните вредности на демократската држава. Јас од тука ги повикувам младите кои штрајкуваат, протестираат да се вратат во институциите на системот, таму каде се воспитуваат и образуваат за идни академци, интелектуалци, таму да ги, како и овде што се решаваат односно ќе се разрешуваат проблемите што нив ги загрижуваат. Тие забораваат дека поезијата и стабилните меѓуетнички состојби обезбедуваат сигурност и добра иднина. Нека не ми биде забележано што само ќе напомнам одредени прашања без да се впуштам во пошироко нивно објаснување.

Прва моја констатација е ова што се случува е жално за Македонија, да не кажам срамота е.

Второ, марширачката гротеска и сценографијата е лоша копија на настани од нашето соседство.

Трето, евидентно е дека во играта има грешки во чекори на добронамерната ментална структура.

VIII/6.-

Во глобалните насоки на размислувањата насочени кон решавање на проблемите на меѓуетничките состојби и меѓунационалната криза што е присутна се диференцираат неколку стојалишта:

1. некој нив ги ретира како решени и дека се обезбедени пошироки права на албанците на националностите па треба тие да се скратат.

2. Други сугерираат воведување рестрикции во правото.

3. Третите сметаат дека меѓуетничките состојби, поточно Албанците, претставуваат дополнителни проблеми во Републикава и треба да одат од другата страна на државата.

4. Четвртите, одделна структура се залага за подобрување на квалитетот на живеењето и унапредување на меѓуетничките состојби.

Оваа структура нуди излезни линии што се ограничени, но напредокот не отсуствува. Се разбира, со потешкотии, но тоа што е, тука е.

Оттука моето прашање кои се алтернативите за добри меѓуетнички состојби? Според мене тоа би биле:

Прифаќање на Македонија како заедничка држава со својата мултиетничка структура и со мултикултурата што се развива во државата;

Прифаќање на демократските и цивилизирани односи во државата;

Афирмирање на соработката, на зближувањето, комплементарното живеење, унапредување на правата и слободите, а не наметнување на хегемонизам;

Да се прифати реалноста на животот во државата со сите свои последици и предности од националниот колорит;

Да доминира разумот и разбирањето, да се овозможи Албанците да се афирмираат низ законските проекти како рамноправен колективитет;

VIII/7.-

Да не се создаваат вештачки состојби и репродуцираат конфликти што не оди во прилог на заедничкото живеење;

Да се стимулира прагматизмот во политиката, да се создаде клима за меѓусебно доверие и почитување;

Да се почитува историјата, традицијата, културата, јазикот образовните потреби, националниот идентитет;

Да се води сметка Албанците да учествуваат во научните институции. Ќе земам само лош пример, по вторпат ќе го искажам тоа, се случува во една највисока врвна научна институција за овие 50 години развој на државата да нема ниту еден академик Албанец. А, и последните пријави за тоа, не гледам ниту еден албанец како да тие воопшто не егзистираат или пак како да отсуствуваат такви кадри.

Лично ценам да се живее заедно е потреба што може да се реализира. Но, сите случувања во Скопје и пошироко во Македонија околу правата на високото образование на Албанците на мајчин јазик ме демантира во тоа. И јас не сакам да верувам. Желбата за демократија и побогат живот е присутна кај сите.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ :** (продолжение)

Но тоа не се различни аршини. Притоа се заборава дека редукциите создаваат ерупции, тенденции на дезинтеграции, процени и слично. Евидентни се домашните пречки за реализација на правата на националностите, а на албанците посебно. Затоа потребно е непосредни чекори во операционализацијата на добрите национални односи, создавање на терен за непосредно остварување на заедничките задачи да се почитува и претпоставува времето, поточно динамиката на времето на промените во политичкото однесување во одлучувањето и во ова Собрание и во другите структури. Преиспитување на основните заеднички ставови, парцијалните и неисклистаризираните акции во досегашното остварување на меѓунационалните односи, преиспитување на соодветни законски проекти кои ги прошируваат овие права и рамноправноста на националностите, елиминирање на сите тие фактори да го оневозможуваат започнувањето на целиот тој започнат процес на рамноправноста, обезбедување услови на политичка трансформација, национална самореализација и се до потврдување на албанците во Република Македонија. Рамноправноста е основен принцип и предизвик на времето за средување на меѓунационалните односи. Јас би додал кон ова што го реков дека во нашата Република друга алтернатива и нема, освен рамноправност и сожителство во вистинска смисла на зборот. Околу ова кривично прашање со призвук на фатализам со кој се среќаваме последниве денови со редукции и реструкции на правото и злоупотребата на албанскиот јазик, се прави пазар на улица. Јас се прашувам, има или нема излез? Може да се каже дека постои излезна линија, но таа треба да се бара. Таа треба да се бара тука, да се бара во Владата, треба да се бара во институциите, во државните органи,

бидејќи таму само може да се реализира. А кое е оптимистичката иницијатива за меѓународните односи. Лично кај мене постои песимистички оптимизам за унапредување на овие состојби. Но кога се анализира ова, што се случува во Скопје и низ Македонија, се поставува прашањето која опција гарантира безбедна, сигурна, спокојна иднина за Македонија. Сега кога иднината зависи од динамиката на општествено и социјалниот развој на правните, оформување на документите, но во една фрустрирана национална средина битен фактот е националните односи. Стабилноста на меѓуетничките состојби разрешуваше на уставно правни проблеми со кој се среќаваат, се судираат националностите и проширување на тие права кои се еден вид генератор за таквите односи кои не ги сакаме. Меѓунационалните односи треба да се градат врз основа на позитивна политичка филозофија, на заедничкиот живот и практичните политички односи. И едното и другото имплицираат националност, а исклучивоста на овие елементи доведува до радикализам на однесувањето. И тоа го имаме денеска тука, таму, секаде.

Во услови на политизиран живот тешко може да се градат добрите национални односи. Затоа, потребно е создавање на клима и дух на толеранција. Нема напредок на меѓунационалните односи ако се ограничува употребата на мајчиниот јазик, ако се ограничува уписот на студентите на националностите било тоа да е 10%или повеќе посто, ако е оневозможува употребата на националните симболи со кои секојдневно имаат проблеми во практичните социјални односи. Ако РМ сака да стане дел на големото Европско семејство, треба да прифати мултикултурна и мултинационална содржина на Државата. И во овој контекст толеранцијата и разбирањето за широките права на албанците

во Републиката. Наместо да се поздрави донесувањето на Законот за Педагошкиот факултет, се бара негово укинување. Разбирањето и рамноправноста не се гради со барање на"гасни комори со истерување, со менување на верата и нацијата итн., како што имаше предлог.

Патот на животната перспектива на Македонија полека но сигурно се претвори да не речам во слеп пат. Стапици за тоа има многу, но има и сили тие да се надминат, да се исправат пречките за да обезбедиме мирен соживот.

Актуелните настани укажуваат на една жална појава. Се провоцира меѓуетничка омраза, се манипулира со децата, се прави кршење и злоупотреба на правата на децата. Се прави кршење и злоупотреба на децата. Се растура Предлог-закон за заштита на нацијата со која шиптарите се прогласуваат за држа4,ен непријател, се нудат резервати. Зарем со ова се оди напред? Зарем не размислуваат тие луѓе дека албанците и другите се составен дел на оваа Република. Конкретното остварување на едно право, како што е употребата на Албанскиот јазик на Педагошкиот факултет стана повод за да се откријат скриените намери и ретроградните политички сфаќања на сите тие кои високо го кренаа гласот против прогресот за правата на Албанците и сакаат буквално покрај евидентен мултиетнички колорит, РМ да ја сметат за ексклузивна македонска средина. Сметам дека тука длабоко се греши. Наместо да се пресече нерамноправноста и професионално излезните патишта да се демократизираат и осовременат, се нуди принуди наместо да се нуди соработка, кооперација, права и слободи, соживот, екстензивно да се толкуваат со уставните одредби и законските проекти. Македонците кои на разни начини низ цела Република станаа против

своите сограѓани албанци, државјани на Република Македонија, сакаат конфликти, сакаат кавги и слични на нив. Можеби и пошироко, може да биде трагично. Тие се гордеат со непристојните скандирања, со плукањето врз албанците, со фрлање летоци како да се истераат албанците од Република Македонија и со пишување и закана преку сенохобични пароли и извици од типот ќе ги спомнам само некои,"Вашите права барајте ги во Албанија", а ние живееме тука во Македонија. "Албански јазик во Албаниија". Сигурно таму албански се зборува. "Ова е Македонија, а не е Албанија". Никој впрочем досега не го рекол дека е Албанија. "Не сакаме да студираат на Албански". Дали може да се оди напред со "Гасни комори за албанците". "Во Македонија само македонски". Ниеден Албанец досега не го негирал Македонскиот јазик, ниту барал македонците да учат албански. "Смрт за Шиптарите", "Рани куче да те лае", "Или ни«е или тие" "Тие а, ние на" итн. Не би ги коментирал сите овие извици, зашто не се очекува нешто повеќе и поматено од луѓе со болни амбиции големи илузии и заблуди. Сето ова што се случува на прошетките низ улиците, булеварите и градските плоштади беше и еден договор што да им направат на Шиптарите, на сечените, на зелените. Но, во сета оваа огорченост наоѓам утеха на паролата "Не ни се виновни шиптарите, туку долу Влада". Тука веќе се измешани тезите, целите и средствата на политичката борба. Целта е хегемонизација на македонците против албанците. Јас ни најмалку не го оспорувам демократското право на протест, но тоа што се случува е улична анархија, а не демократија. Дури има елементи на расизам.

Уличната демократија не дава сигурност, а најмалку смирување на меѓуетничките тензии и односи во Републиката. Национализмот изразен тука раѓа трагедии. Зошто да не кога се бара укинување на закони,

укинуваше на квоти, забрана за употреба на јазикот итн. Дефинитивно и конечно потврдија дека Албанците треба да бараат свои излезни решенија и патишта и тоа без своја вина. Прекрасната македонска пролет ако така се нарекува како да стави точка на позитивните исходи, на можниот дијалог. Да се живее заедно бара допирни точки во животот, а тие пак се толку во паралелна положба што тешко можат во овој момент да се спојат, а ние се залагаме тие да се спојат, да се најде тој заеднички интерес.

Со жалење може да се констатира дека нема доволен слух и свест за значењето на добрите меѓуетнички односи во Државата. Ако Македонија сака да биде Швајцарија, тогаш треба нормално да ги прифати и квантитативно и квалитативно нивниот соживот, меѓуетничката хармонија. Или пак зошто да не се прифати демократијата на Скандинавските земји, или да се доближиме до нивните стандарди и норми. Јас сум свесен дека општествено политичките консталации, познати состојби во РМ се поинакви, фрустрирани состојби, мора да се соочиме со реалноста дека во Македонија живеат и други. И тие бараат свое место, свои права, свои заложби, свои слободи. И во отсуство на конзинстентна дефиниција за тоа што е националност ние мора да прифатиме универзални стандарди за правата, за слободите, за рамноправноста, за демократијата во Република Македонија. Многу во оваа насока не помага компаративната анализа и пристапи за положбата и состојбата на меѓуетничките малцинства, бидејќи 23% албанци, колку што утврди пописот на населението во РМ тешко би се споредувало, со 2,3 или 4% население внатре или надвор од Републиката. Постои, во овој случај е превртена вистина за статусот на Албанците во Република Македонија. Прашање е како да се надживее состојбата.

IX/6.-

Меѓуетничката нетрпеливост која транспарентно е присутна во политичката сфера на Македонија не оди во прилог на стабилни меѓуетнички односи. Се додека се оспорува употребата на мајчиниот јазик, како елемент на националниот идентитет, стеснување на правата и рамноправноста и рамноправноста во образованието, во културата, во институциите, ќе има сопирачки за демократскиот развој за меѓусебното разбирање пред се и конструктивната соработка. Омразениот мора да води сметка за себе и нормално е да предизвикува противтежа. Таа е во рамките во Законот за опстанок. Мора да се надминуваат историско формираните национално психолошки комплекси, а со тоа да се елиминира агресивниот национализам, патриотските емоции, еуфоричниот фомантизам, да се создава повеќе реалност во нови услови, да ставиме граница меѓу пожелното и реалното. Меѓу тоа што може сега и тоа што може утре.

Да заклучам: ако заедничкото живеење е наша судбина тогаш треба повеќе да внесуваме оптимизам, отколку песимизам. Повеќе да создаваме ефекти во живеењето, отколку дефекти во развојот. Повеќе квалитет во живеењето, отколку криза во развојните односи. Повеќе добра волја отколку емоции, повеќе рамноправност отколку редукции. И сосема да заклучам, пред се мислам дека од оваа расправа треба во почетокот селективно да се пристапи кон проблемот на меѓунационалните односи и тоа во следни насоки. Прво, натамошен развој на стратегијата за градење добри меѓунационални односи, кои истовремено произведуваат квалитативно нов живот, демократски и напреден.

Второ, донесување на мерки за поттикнување на развојот и унапредувањето на добрите меѓунационални односи, што и предлог декларацијата која се прави, прави чекор кон тоа, ги одредува

патиштата и можните начини како да се дојде до тоа и

Трето, градење на постабилни, поплодотворни и подолгорочни стратегии и политики која ќе биде коегзистентна на проблемите кои настануваат во однос на правата, на слободите, на рамноправноста и на демократијата во Република Македонија.

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван претседателе, претседателе на Владата, дами и господа министри и пратеници, почитувани гости,

Постои една теза во чија валидност постојано се уверувам и која сум ја искажал пред оваа говорница, а за чие елаборирање не е потребна некоја претерана аналитичниот и творечка енергија а тоа е дека посткомунизмот барем во посиромашните земји е еден систем во постојана криза. Тоа е економска, финансиска, социјална меѓуетничка, политичка. Потребно е само еден мал стрес кој може да ја дестабилизира земјата. Таков е случајот со сите балкански земји. Иако Македонија со задоволство ја ставаме и сеуште ја ставаме во типични балкански држави кои благодарение на една мудра и умерена опција успеа да остане вон војните, социјалните, меѓуетничките хаоси на Балканот, денес нашата Држава и народ се наоѓаат поделени со длабок емотивен набој, страв, несигурност, загрозена меѓуетничка доверба, речиси симболичен дијалог, кој воглавно се води само меѓу умерените субјекти кои патем е речено се можеби и од медиокреативен карактер. Во суштина се работи за разлики и судири на идеи и идеологиите. Една националистика, фолклорна, пополистичка но и матрица на судири кои што ги видовте и во поранешна Југославија. Друга, космополиткска, умерена, рационална, која доби официјална поддршка гледаме и низ овие декларации на Европската Унија и на ОБСЕ. Живееме на едно

парче на Балканот во Македонија која сите ја сакаме и која по една мачна и ненаклонета историја успеа да создаде сопствена држава.

Во оваа наша Македонија живеат граѓани кои се дел од нејзината историја, но во чии вени по дефиниција не тече само Македонска крв. Сите македонци и немакедонци кои денес живеат на ова тло, поседуваат заеднички нешта во историјата, културата, сите се дел на целокупната заедница, а дел од оваа наша денешна реалност, ја делат истата судбина, доброто и злото. Оваа наша мкедонска држава која ја сакаме една суверена независна парламентарна демократија, збир на принципи и вредности кои создаваат еден морал заснован врз категориите на слободата, рамноправноста, лаичноста, соживотот, мирот, толеранцијата, дијалогот. Искреното почитување е љубовта кон сопствената држава Македонија претпоставува да се верува и респектираат претходните категории. Тоа значи оние кој го загрозуваат мирот, соживотот, толерантноста, дијалогот, низ разните форми на ксенофобија, расизам, национализам, фундаментализам од православна и исламска природа ја загрозуваат Македонија. мирот, слободата и правата на гаранинот. Тоа е токму нашиот предизвик, предизвик е за сите овде присутни, предизвик за целиот македонски народ и за сите националности. Тоа беше предизвик и заедничка битка и на нашите прадедовци и татковци од Кресенското и Разловачкото востание преку двата Илиндена до 90-тата кога се создаде и сеутше расте нашата Држава.

Меѓутоа, почитувани колеги, во Македонија изгледа дека постојат и такви кои заради дневни политички интереси, желба за власт, или некои дијаболичен интерес, како да не го почитуваат сонот што го оствари нашиот народ со создавањето на нашата држава.

IX/9.-

Инаку, како да се објаснат толкавите противставувања на политичките актери околу општиот национален интерес на Државата околу чија конотација барем интуитивно би требало да се согласуваат. Зарем треба да го почувствуваме духот на Хопс, односно природната состојба, беззаконието, Законот на посилниот, кој како што знаеме се случи во Босна, во Бугарија , во Албанија. Можеби тоа ризикуваме да не снајде, но тогаш тешко Македонија ризикува да исчезне од картата што не е случај можеби со постарите држави.

**НАНО РУЖИН:** (Продолжение)

Дали сеуште историјата и нашата етнопсихологија се виновниците? Веројатно сеуште на овие простори не е докрај егзорцирана омразата кон другиот етникум, владее недовербата, меѓуетничката автархичност, вназемната толеранција е доведена на работ. Ве прашувам, ќе успееме ли да преживееме во мир, во услови на една таква интелектулана и морална конфузија. Што значи за младиот Македонец или Албанец јавно низ улиците на Скопје и Тетово да се симулираат гасните комори, големите албанци, националистичките иконографии, да се повикува на граѓанска непослушност инаку, граѓанска непослушност која како демократи секако ќе признаете ја признаваме во земјите на диктатурите - на некои таканаречени независни телевизии, да се симулира сценариото, кое во многу наликува на претсараевските морбидни ТВ - спектакли со малите националистички новинари - овде не сакам да ме идентификувате дека мислам на сите новинари - кои во името на демократијата не престануваат да не убедуваат дека црното е бело, а бело е црно, а за тоа е виновен само Социјал демократскиот сојуз. Инаку, не заборaваме дека покрај политичарите свој значаен и разорен ефект во босанската трагедија имаа и таквите медиски лица. Се прашувам, а и Вие , кои се радувате на малите дневни настани од тој вид, во името на политичкиот рејтинг или дури и ги плаќате истите, свесни ли сте до каде може да не доведат таквите амалгами. Можеби токму тежината на идеологијата , на националистичката идеологија која често ја заматува нашата перцепција за реалноста делува како наркотичен стимуланс за младинот Албанец или Македонец дека ете токму тој е повикан да се жртвува за вишите цели на нацијата. Ако е така, зошто оние постарите докрај не се солидаризираат со младите кои штрајкуваат со глад, особено овие полагодно пополнетите , зошто и тие

не штрајкуваат со глад. А нив ги има, ќе признаете, и меѓу професорите и меѓу опозицијата. Позицијата на екстремната десница и на националистите е едноставна: Албанците се криви за сите наши несреќи, тие не загрозуваат, односно Македонците се криви за албанската несреќа и не им дозволуваат никаква автономија, можеби регионализација и федерализација. Затоа, предложениот модел е сите да се хомогенизираме, јавно да го покажеме својот "патријотизам ", обвинувајќи го спротивниот етникум или политички субјекти кои покажуваат одредена умереност, рационалност, желба за соживот, дијалог, толеранција. Таквите дискурси и проекти на омраза и исклучување се спротивни на сите наши убедувања, но и на имиџот на нашата земја во странство. На пример, во Европа, во НАТО, во меѓународните институции. Тие се убиствени за македонија и ние како граѓани и пратеници треба заеднички да ги надминеме.Не смееме да дозволиме конфузија, која ќе го изроди екстремизмот. Она што е вредно во нашите и во вашите мисли се луѓето, младите и старите, и жените и мажите македонци, албанци, турци, роми, срби и сите други, сите луѓе кои што имаат добра волја и кои живеат овде, кои се анимирани од чувствата на широкоградоста, кои инаку сите ги почитуваме. Ние заеднички ги делиме основните вредности, затоа, сите заеднички би морале да излеземе од климата на взаемното недоразбирање. Токму таквото взаемно недоразбирање прераснува во еден влог кој треба да биде и нашиот заеднички непријател. Ние би можеле сите заеднички да размислиме, но никако поделени во на пример - некои предлагаа македонските партии да се поделат во еден камп, албанските во друг камп, па заемно да расправаат , мислам дека тоа води кон уште поголема поларизација и можеби федерализација. За сметка на тоа, сметам дека предложената декларација за меѓуетничките односи може

да претставува еден појдовен глобален документ на добра волја за уредување на оваа чувствителна материја.

Од друга страна, апелирам да се изнајде консензус врз неколку принципи кои се од општ, значи возвишен интерес на сите граѓани од оваа држава. Едно големо да за зачувување на мирот и стабилноста во државата. "Да" за стабилните меѓуетнички односи, "да" за взаемната доверба, толеранцијата и дијалогот, "да" за една поамбициозна стратегија на соживот , "да" за интеграцијата на сите оние кои сакаат да ги поделат овие наши заеднички вредности, "да" за оицизмот во државата, за мултикултурната. Едно решително "не" на национализмот, расизмот и ксенофобијата. Едно решително "не" на националистичките авантуристи од македонска, албанска или друга вокација. Едно големо "не" на уличната демократија , повикувањето на граѓанската непослушност, политичната некултура, навредите. Решително "не" на непочитувањето на институциите, Парламент, претседател на држава, министер. При тоа да не заборавиме дека национализмот, оној монструм со илјада глави најчесто под изговорот на одбраната на едните го напаѓа другиот етникум. Затоа , едно големо "да" за респектот на достоинството на секого, какво и да е неговото потекло, политичките ставови или религиозните определби. Впрочем, нашето општество, како и неговите култури и изрази отсекогаш биле расцепкани и разделени. веројатно тоа ќе биде и во иднина. Не негираме дека таквата разновидност и поделба може да биде и генератор на недоразбирања и конфликти. Сепак, кон таквите проблеми би требало да се приоѓа спокојно и без претеран балкански темперамент. Само на тој начин ќе можеме да создадеме, како што впрочем не подучува нашето богато културно наследство еден извор на богатство, креативност и интелект целосно интегриран во општеството.

Конечно, ако сакаме да се покажеме н прикажеме пред нашите народи или етникуми како демократи, патриоти, луѓе со европски слух и позитивна енергија кои мислат добро на оваа држава, да се обидеме во овие можеби драматични мигови да ја зајакнеме нашата меѓуетничка и национална солидарност, собрани околу она што често претседателот Глигоров го истакнува, Македонија е се што имаме, независно од нашиот политички избор, етничка, полова, генерациска или религиозна припадност. Тоа ќе биде и нашиот заеднички одговор против поделбата и порастот на нетолерантноста.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Атанас Вангелов.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:**

Господине претседателе, господа пратеници и пратенички, господин премиер, господа министри, ние го чувме излагањето на г-динот премиер и ќе бидам слободен да кажам дека мене во тоа излагање ми се допадна особено еден став, последниот став кој вели дека "има ситуации во животот кога човек нема право да побегне од одговорноста, но затоа може да побегне од одговорноста, но има и ситуации кога човек нема ниту право ниту можност да побегне од некоја одговорност". Не сакам со тоа да речам дека ни се допаѓа тој исказ на нашиот премиер затоа што тој е наш премиер и мој премиер, туку затоа што пред се мене ми се допаѓаат ситуации во кои ниту можеш ниту имаш право да побегнеш од одговорност. Тоа значи дека првиот тест за нашата одговорност е имено овој: Имаме точка на дневен ред и дали расправаме по неа. Доколку на било кој начин ја ескивираме расправата од таа точка, ние веќе бегаме од одговорноста и на тој начин користиме

нешто кое ни е поудобно, затоа што одговорноста во секој случај е работа која носи непријатности, а носи и штети. Кратко речено, јас ќе се изјаснувам точно по тоа што е на дневен ред, затоа што и за тоа се подготвував, а и тоа е усвоено на дневен ред или, со други зборови, ќе постапам точно онака како што постапи г-дин Џеладин Мурати. Кратко речено или со други зборови "ин медиас рес".

Меѓуетничките односи, ние сите тоа добро го знаеме, се лоши, со тенденција да се влошуваат и натаму. Тоа е како што пак сите добро знаеме, видливо и со голо око и не треба да се докажува и воопшто не треба да се опишува. Доволно е да се потсетиме на пораките уфрлени меѓу студенти и средношколци демонстранти. Тие препораки прелдожија специјални мерки за албанците во Македонија, такви со кои се послужи Хитлер во Втората светска војна наспрема евреите. Одговорот на тие предлози уследи директно од Тетово: Понижување на македонското знаме и поплава на албански знамиња во Тетово. Милитантна сценографија , иконографија и кореографија со соодветна етнореторика. И за едното и за другото денес се користи терминот екстремизам. Тоа не е нешто непознато за современа и демократска Европа. Дури, станува збор аз обична појава со земји со стабилна економија и стабилна демократија, земји кои ни служат аз пример. Има умни и мудри луѓе во тие земји кои го правдаат екстремизмот. Велат дека потекнува од индивидуализмот, екстремизмот изразувал, велат тие, слободен избор на личноста, а пак личноста и нејзиниот слободен избор се темел на демократијата. Има и такви умни и мудри луѓе кои не го правдаат екстремизмот затоа што практикува насилство и затоа се борат против него со сите, како што би рекле ние, средства на институциите во системот. На пример, предлагаат и носат закони против екстремизмот.

X/6.-

Што можеме и што треба да правиме ние во ситуација во каква што сме драматична и неизвесна во секој поглед. Таква ситуација која не треба посебно да се опишува. Можеме да се угледаме на таа практика, да ги собереме тие закони, да направиме адаптација и да донесеме закон против екстремизмот. Не верувам дека ќе постигнеме нешто, поточно верувам дека ќе постигнеме ништо. Затоа што е тоа гасење пожар и затоа што не значи отстранување на огништата на екстремизмот. Треба, според мене, да се почне нешто далеку потешко, далеку понеизвесно и далеку покомплексно. Тоа нешто е идентификација и контрола на огништата односно на генераторите на екстремниот стил и практика. Според мене, има три огништа, три генератори на тој стил и практика во нашата македонска и сегашна ситуација.

Првиот генератор е вистината за меѓуетничките односи.

Вториот генератор е односот кон таа вистина за меѓуетничките

односи.

Третиот генератор е одговорноста за односот кон вистината за меѓуетничките односи.

Сега зборувам за вистината за меѓуетничките односи.

Секој од нас, како што се знае, подразбира пред се и во прв ред некој статус. Односот е добар ако етнозаедниците во взаемен однос се задоволни од својот статус. Значи, секоја расправа за етно односи подразбира расправа за нивниот статус. Како во тој поглед стојат кај нас работите овде и сега .

Сега постојат две вистини за статусот на националностите во Македонија и согласно тоа , две вистини за меѓуетничките односи. Ед-ната вистина вели дека албанците се обесправени во Македонија, дека

се граѓани од втор ред, дека не се рамноправни во сферата на образованието во високото образование, дека Македонија не ги исполнува обврските наспрема меѓународните институции на стандарди за индивидуални и колективни малцински права, дека дури и претседателот на Република Македонија, г-дин Киро Глигоров си допуштил да ги доведува во заблуда меѓународните институции кога тврдел на пример дека во неговата земја тие права ги надминуваат пропишаните стандарди, дека генератор на таа неправда е Уставот на Република Македонија, дека тој генератор ќе се отстрани кога ќе се промени Уставот, а ќе се промени така што ќе ги дефинира албанците во Македонија како конституитивен народ. Сето тоа се кажува отворено, директно и константно. Не ретко афективно и нервозно, со една реторика која пали и распалува, а не со таква која размислува и докажува. Не знам дали се лажам, но мој впечаток дека по тие точки постои консензус меѓу сите политички нијанси на албанскиот политички фактор во Македонија. Би сакал да се лажам, би сакал и натаму да биде тоа само впечаток, но не е вистина.

Другата вистина го тврди спротивното. Таа вистина тврди дека албанците во Македонија се фаворизирана етничка целост и тоа на штета на македонците. Дека таква политика води една политичка партија само затоа за да се одржи на власт, а која се вика СДСМ. Дека таа политичка партија се одржувана власт во соработка со паритетна политичка партија на албанците во Македонија, која се вика ПДП. Дека е во прашање неприроде , аморален , себичен сојуз , за кој власта е цел, а не средство. Дека во тој сојуз постојано губат македонците, а добиваат албанците во Македонија, чија цел е велика албанија на Балканот. Дека во крајна линија таа власт и политика и работат за главата на Македонија, дека таа глава ќе падне тогаш кога ќе дојде до нејзината

федерализација а ќе дојде до федерализација кога евентуално Уставниот суд на Македонија ќе го потврди Законот за Педагошкиот факултет, ќе се смета за увод во таа федерализација, против кој гласеше дури и ПДП. И тоа се кажува диркено, отворено и константно, не ретко афективно и нервозно, со една реторика која пали и распалува , близнак на првата. Се осмелувам не само да кажам, туку и да тврдам , по тоа прашање не постои консензус меѓу македонските политички поларитети и нијанси. Се осмелувам дури и да тврдам дека кога би дошло до таков консензус крвавиот расплет е неизбежен.

Што значи кога постојат две вистини по едно прашање?

Това значи дека вистината не е ниту на едната ниту на другата страна. Или благо речено, целата вистина не е ниту на едната ниту на другата страна. Вистината е и може да биде само на една единствена страна. Тоа е нејзината сопствена страна. Вистината не зависи од нас и само од нас, туку пред се од себе си. Согласно со тоа, таа не е ни добра ни лоша, туку неутрална. Нема и не може да има верзија на вистината на албанците во Македонија по едно прашање, нема и не може да има верзија на македонците по исто прашање. Тогаш кога се јавуваат најмалку две верзии на вистината, по правило станува збор за диверзија на вистината. Тогаш страда само вистината, тогаш вистината е жртва, двете вистини е првиот моќен генератор на кризата во меѓуетничките односи.

Сега ќе се изјаснам по прашањето каков е нашиот однос кон вистината.

Кога кажав дека вистината не е ниту добра ниту лоша по самата себе си, дека таа по својата природа е неутрална, должен сум веднаш да прецизирам, вистината воопшто не е, како што е познато, морална

категорија. Меѓутоа, односот кон вистината, дали сме во состојба да застанеме на страната на вистината кога тоа носи непријатности, штети или дури опасности по животот. Токму тој однос е веќе не само морална, туку темелна морална категорија. Таква морална категорија без која не можат да се замислат човекот и неговиот опстанок као човек воопшто. Не е сеедно дали некој кога соопштува јавно и од авторитетно место дека на пример претседателто Глигоров ги довел во заблуда пратениците на Советот во Европа кога во Стразбур кажал дека албанците во Македонија имаат такви и такви права, дали тој некој зборува вистина или пак зборува вистина која нишани на некои практични интереси, такви интереси кои за да се остварат мора да ја жртвуваат вистината. Тој што е на страна на вистината нема практични интереси, има само штети, се излага на опасности. Токму за тоа го нарекуваме храбар човек, достоен за почит. Нему спротивниот вистинољубец, тој што не го жртвува својот ќар на олтарот на вистината ние го нарекуваме себичен и плашлив човек. Себичноста и плашливоста не се, како што се знае, морални особини достојни за почит.

На тој начин, јас доаѓам до сржта на прашањето, имено, како се однесуваме ние сега кон вистината за нашите меѓусебни односи, кои треба да бидат односи на толеранција, на уважување, на доверба, на взаемност.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ**:(продолжение)

Се однесуваме ли себично и плашливо, или пак се однесуваме алтроистички и храбро. Што ќе кажам отворено. Ние с,е однесуваме двојно. Се однесуваме и себично и плашливо, а се однесуваме и храбро и алтроистички. Кога не би било така ние не би зборувале тука, туку веќе би зборувало оружјето надвор. Ќе кажам исто така отворено. Себичноста, плашливоста, алтроизмот и храброста не се прашања ниту на уставот, ниту на институциите на системот. Тие се прашања на секој човек поединечно и на сите нас заедно. Не само на оние тука, туку и на оние што сега се надвор. Такви какви што сме, такви какви што сакаме да бидеме, такви ќе бидат и уставот и институциите на овој систем.

А какви сме ние? Се осмелувам да кажам ниту помалку добри, ниту помалку лоши од другите под небеската капа на овој свет. Велиме за себе дека сме свет во транзиција. Свет кој допрва почнува да практикува демократија. Со тоа велиме истовремено дека постојат разработени, стабилни, римерни демократски заедници на кои треба да се угледуваме и практично се угледуваме. Сакам да потсетам - постојат мудри и умни луѓе кои документирано тврдат дека и во тие демократски системи кои служат за углед ако веќе не пустошат тогаш тлејат истите или слични проблеми. И тие стабилни демократии се собираат со проблемите на расизмот и на сенофобијата, чија балканска верзија се етноцентризам и национализам. Ќе се послужам со пример. Во една голема европска земја, со огромна демократска традиција која во втората светска војна беше на страната на антифашизмот и на партија на екстремна десница, поправо фашистичка која на последните парламентарни из бори освои 15% од гласовите. Изразено во апсолутни бројки и тоа изнесува четири милиони гласови. Двапати повеќе одржителите на Македонија. Програмата на таа партија бара прогон на сите странци од таа земја со огромна демократска традиција, а за

XI/2.-

обоените и да не зборуваме. Што покажува еден ваков современ пример на земја со огромна демократска традиција која ни служи за углед. Тој пример ни покажува дека постои земја, европска сила со огромна демократска традиција во која денес 4 милиони луѓе гласаат за партија со екстремна фашистичка програма. Расизмот и ксенофобијата се кардиналните вредности на таа програма. Исто така, тој пример покажува дека една развиена демократија не успеала и не успева да го реши прашањето на екстремизмот. Дека тој постои не само во демократиите во зародиш, какви што сме ние сега, туку и во демократиите кои служат за углед и на кои се угледуваме. Ако е така, а така е, прашањето на екстремизмот и демократијата не е политичко или не е само политичко, туку исто толку, ако не и повеќе морално прашање. Тоа не е само прашање на помалку или на повеќе развиена демократија? Тоа е прашање на самиот човек. А каков е тој човек  зависи пред се од тоа како се однесува кон вистината. Ако се однесува храбро тој човек е достоен за почит. Ако се огрешува кон вистината за да не се изложи на опасности тој човек е плашлив и себичен и тој човек не може да биде достоен за почит.

Каква е сега одговорноста за нашиот однос кон вистината? Одговорен однос кон вистината е оној однос кој се изложува на опасности кога вистината се прикрива и се фалсификува одговорниот однос одговара позитивно на предизвици на ризик. Пак, ќе се послужам со пример. Ако едно прашање постојат изострени гледишта до исклучивост тогаш здравиот разум ни налага да речеме дека вистината е некаде на средина. Така е затоа што вистината и природата се центристички. Тие не се екстремистички. Екстремно е да се тврди дека статусот на албанците во Македонија е статус на граѓани од втор ред. Екстремно е исто така да се тврди дека тие се фаворизирани на штета на македонците. Од друга страна пресмело е да се тврди дека еден развиен демократски модел на волшебен начин ќе ги хармонизира тие

XI/3.-

односи до степен на идила. Пресмело затоа што се тоа исто толку постојни, опасни проблеми со кои се соочува светот на развиените и угледни демократии. Значи ли тоа дека ние сега треба да се помириме со стварнот на тензии, на неизвесности и на опасности. Значи ли дека треба да очекуваме само полошо ако веќе уважуваме становиште на специјалисти кои велат антагонизмот кој раѓа конфликти, конфликт е својствено за индиуализмот а пак, индивидуализмот е столб на демократијата. Значи ли тоа дека системот демократија, кажано со речникот Стојан Андов содржи фабричка грешка која води кон расизам,ксенофобија, етноцентризам, или попросто, кон крајно непријателство на една личност кон друга личност. Значи ли дека антагонизмот, конфликтот, борбата меѓусебното глодење, а не мирот, разбирањето, довербата и заемноста се наша трагична атрополошка судбина, а не само македонска. според мене не значи. Не значи затоа што секој човек не е ниту само- ангел, ниту само ѓавол. Секој човек е и ангел и ѓавол истовремено. Има моменти, па дури и времиња кога од човекот излегува на видело неговата ангелска, или добра и има моменти или времиња кога излегува на видело неговата ѓаволска или лоша природа. Тие моменти се кога тој човек им се подава на своите чувства и своите страсти. Тие времиња се кога постои крупна животна закана во каква што се наоѓаме сега и живееме сега. Тогаш човекот се плаши, затоа што е загрозен неговиот живот. Тога] човекот станува себичен, затоа што себичноста е одбрана на животот. Тогаш човекот се упатува кон својата колективна меморија како сламка за спас, а пак меморијата подразбира своја традиција, свој јазик своја вера. Со други зборови тогаш се упатува кон својот неперсонален, туку колективен идентитет. Тогаш се губи личноста и стапува на сцена колективот кој за сите зла обвинува друг, соседен, најблизок колектив.

Ако има вистина во тоа тогаш треба да си го поставиме прашањето за нашата сопствена одговорност. Секој одделно за себе и сите заедно тука и сега.

XI/4.-

Одговорноста денес со состои во тоа секој за себе да си даде непристрасен одговор како во една конкретна ситуација постапувал конкретно. Како постапувал кога се предлагаат гасни комори за еден цел етникум и како постапувал кога се понижува држава со поплава на знамиња од други држави. Дали постапувал пак плашливо и себично. Партиски, колективистички и масовно. Дали постапувал храбро и алтроистички, со ризик да биде стигнатизиран, поплукан и врзан на столбот од срамот од своите блиски од своите пријатели, од својата партија од својот народ. Морам да кажам дека има работи кои не ми влеваат оптимизам. На пример сит е оние работи кои се обелоденија и кои сеуште траат во врска со законот за педагошкиот факултет. Какви работи обелодени односот кој тој закон?

Обелодени калкулации со себичности и плашливости. Обелодени дека не мора да бидеш проносиран екстремист за да постапуваш екстре-мистички. Обелодени страст по брза слава и рамнодушност кон вистинта. Слава која се стекнува така што се зборува тоа што сакаат многумина да го слушаат, а не тоа што е вистина. Впрочем, кој сака да слуша непријатни вистини. Дури и тогаш кога знае дека најлошата вистина вреди многу повеќе отколку прекрасната лага. Обелодени конечно неодговорен однос кој мора да загрижува. тој не одговорен однос е искривување и жртвување на вистината. Кога се постапува така на дело е своевиден и морализам. Се разбира. Политиката не е морал и моралот не може да биде политика. Но, затоа, пак, треба секој да има на ум дека моралот е ориентација и смисла на секоја политика. Секој што постапува поинаку веќе сади такви со ѓаволот кои ќе се кршат од неговата глава.

Ако се тоа работи кои не ни влеваат оптимизам, тогаш и не не обесхрабруваат. Не не обесхрабруваат затоа што секој човек е прво човек а дури потоа македонец, албанец, турчин, ром или влав. Секој човек крие во себе си не само екстремен ѓавол, туку и еден центристички ангел. Така велам, затоа што односот на еден човек кон Друг е основа за односот на еден народ кон друг. Со тоа велам дека тие односи не се декретираат. Тие се создаваат онака како што секој се создава самиот

себе си и тоа како човек. А човекот е вистина и вистината е човечна и човеколика. Тоа што брани вистина брани заправо човек. Нез нам дали сите ние овде и се како и сите оние што се надвор го имаат тоа предвид. Не знам колку ни значи и колку им значи. Знам само дека треба мошне многу да значи за секој што пледира да биде човек.

Ќе завршам со тоа што ќе речам: Трите генератори на тензии и конфлуикти во меѓуетничките односи не се работи кои можат да се отстрануваат и да се отстранат еднаш засекогаш. Можат меѓутоа да се контролираат. Контролата му дава шанса на тоа што е подобро на секој човек и спречува да дојде до израз тоа што е полошо во неговата природа.

**ИСМЕТ РАМАДНАИ:**

Г-дин претседателе, дами и господа.

Темата за која расправаме е доста чувствителна, не знам колку ние ќе бидеме чувствителни. Пред малку мојот колега ме праша зошто камерите пријдоа до вратите, главната врата. Јас одеднаш се збунив, па можно е да дојде претседателот на државата тука, кога видов влегоа студентите. Од Сојузот на студентите, си мислев во себе. Колку брзо, успешно и лесно оваа Република наша Македонија се прават јунаци. Се бидува јунак. А насловот на мојата дискусија е само еден збор – Внимание. Имавме демонстрации, имаме демонстрации, имаме штрајк со глад. Жалиме. Жалиме затоа што на овие млади учесници, студенти како да им шепна некој па им рече - знаете што, вие сте членови на уставниот суд, само вие не знаете.

Ама им благодариме, затоа што токму тие помогнаа ние да расправаме денес за една ваква тема што ние како пратеничка група ја барам пет-шест години сигурно. Што расправаме? Меѓунационални односи во Република Македонија односно начините и формите за унапредување на истите.

XI/6.-

Еден ден се размислив и со моите колеги велам зошто не бараат овие студенти и ние да ги примиме еден ден, ако се студенти Македонци, па да ни кажат што мака имаат. Чекав, дури може би ќе испадне несериозно си мислев, па да ј да одам еден ден кај шаторот нивни и јас. Само едно да им кажам. Кога вие ќе излезете од овој шатор па да дојдат студентите, учениците албанци да влезат, затоа што тие ќе имаат многу поголема причина да влезат и да гладуваат со штрајк. Па после и ние да се наредиме. Се знае, прво ќе почнат опозиционите партии да ги посетат и нивните лидери, па после на крај и ние.

А, за што? Законот за употреба на јазиците на националностите во Педагошкиот факултет. И на улица студенти ученици малолетници. Бога! во почетокот имаше и пијаници. И што? го браниме Уставот, Македонскиот јазик затоа што е многу опасно, ризично е покрај него да биде албанскиот јазик, турискиот јазик и другите јазици на нашите сограѓани и нашите содржавјани. А како? Сите тие што бараат покрај македонскиот јазик да биде и нивниот јазик, имаме место ние каде да ги носиме во гасни комори.

Дури имавме и такви изјави - Па, ние немаме ништо против националните односи. Ни против Албанците, само ние бараме да се укине законот за нивно образование на мајчин јазик. Значи, ништо немаме ние против нив. Само тоа го имаме против. Да бараме да се у кине законот за нивното образование на мајчин јазик, и да им кажеме нека учат само на наш македонски мајчин јазик, затоа што само ние сме мајчини. Жалосно, Демонстрации, викање, врескање, пеење, играње, марширање, уцени кршење стакла и поддршка. Поддршка од сите опозициони политички партии. Во почетокот скришно, после полека и јавно со малку сожалување, а со голем политички интерес да се дојде на власт по секоја сцена. Само вие гладувајте, само вие штрајкувајте со глад - се додека ја освоиме власта, а во вашиот шатор ќе тече мед и млеко. И на крајот тие нивни конференции завршуваат - треба да има

предвремени избори. Поентата тука завршуваше. Треба да има предвремени избори. И, гледам една конвенција, влегоа јунаци. Денеска не добија аплауз, таму аплаузи, стигнаа јунаците. Девојчето плаче. Плаче од радост, зошто не. И аплаудираат големи луѓе богами - академик Блаже Ристевски, академик Никола Кљусев заедно со нив и еден потпалувач во меѓунационалните односи Лимановски Нијази. Доволно е само да ги слушнеш, сигурно ги гледавте и слушавте. Полно е романтика колку сакате. Носталгија за минатото колку сакате. Пророци за иднината што ќе стане по 20 години колку сакате. И во себе плашливо леле што ќе не најде?Изгледа ќе не грабне Европската унија, ќе не грабне НАТО ќе имаме демократија, а ние не сакаме демократија. Ние не сакаме Европска Унија, велат тие, ни НАТО ни САД. Губиме. Зошто губиме, затоа што во таа демократија ќе добијат и Албанците. Тука е проблемот. И што? Ќе бидат учени, ќе бидат образовани, ќе бидат рамноправна а тоа не чини. Не е добро за Македонија. Ние сакаме Албанци, велам за тие, за таа конвенција ама сакаме Албанци кои ќе бидат неписмени, да носат и понатаму црни кап да ни ги разубавуваат живите огради, паркот, вилите итн. Такви ги сакам Е,тоа избришете го и од големиот академски ум за да можете поефективно да се вклучите во градењето на демократски институции и добри хармонични меѓунационални односи.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ: (**Продолжение)

Затоа што денеска богами беше некогаш дури и љубовта не трпи многу романтика. Денеска таа политика која има премногу филозофираше и премногу романтизам не може да има решение за унапредување на меѓунационалните односи. Треба прагматичност, треба смелост и треба демократски институции, ни треба толеранција почитување на разликите, врз основа на разликите, градење на национални односи, а тоа може да биде многу лесно, може да биде и многу тешко, кој како сака односно кој како гледа затоа што многу е лесно.

Нели, дами и господа, и колку пати треба да се рече дека ние имаме консензус за развивање на демократски односи со базични вредности и тоа интегритетот на РМ, што е многу важно. Парламентарна демократија, што е многу важно, правна држава, што е многу важно. Во сето ова проблемот на албанците во некои сегменти е многу јасен а тоа значи да се имплементираат нашите национални вредности, а тоа се гради како комплементарен дел на базичните вредности кои ги спомнав пред малку.

Граѓанинот албанец ќе биде субјективизиран во политичкиот и економскиот систем со сите свои карактеристики. И тоа е наше ангажирање. Нашата перспектива тука баш тука во РМ ќе ја димекзираме со перманентна позитивна тенденција за рамноправноста. Наш императив како политичка партија ако минуваме низ многу искушенија е да се ангажираме за демократија во димензии на Европската Унија и САД. Овие интереси се конјуктирани или амалгирани и со националните интереси на албанците во РМ. Неприфатлива е тезата ќе живееме со албанците заедно под услов да се неписмени, тоа е веќе демоде, тоа е

веќе изживеано, а на ПДП, ако сакате уште еднаш, морам да повторам, навистина по 6 години учество во институциите не и треба веќе популизам. Нема да остане на политичката сцена во РМ со популизам, затоа што за овие 6 години со нашето учество во институциите на оваа држава и со нашата политика која е консултирана ќе биде нескромно да кажам ПДП во Стејд Департментот, ПДП во Европската Унија, ПДП во сите европски институции високо котира. Високо котира токму затоа што избравме ваква политика да ги оствариме нашите права низ институциите на државата.

Какво образование? Точно е на топ листата на сите разговори нас проблемите во образованието и токму тука ние бараме најмногу разговори дури во последно време размислуваме не само со една политичка партија каква што е СДСМ, бараме ваков консензус и од другите политички партии било да се во коалиција со нас, било да се во опозиција, затоа што тој консензус многу ќе помогне а да се реши едно прашање што е и витално и богами прашање кое навистина многу позитивно може да дејствува понатаму ако се реши како треба. Затоа што анкетите какво образование имаме ние и на македонски кажуваат лоши се бројките. Еве од Институтот за социјални истражувања 40% од учениците македонци ги мразат албанците. Од таа анкета лошо образование е тоа, сега не е важно на кој јазик, образованието е лошо и 8% од учениците албанци ги мразат македонците. Видете, каква младина, како ги образуваме, што образуваме.

Образование на мајчин јазик зошто инсистираме? Колку пати сме го спомнале тоа ни треба една динамика на образование која ни со квоти ни со студирање само на факултети на македонски јазик не може да се постигне. Господо, ние заостануваме за една генерација.

Точно за една генерација, значи мојот родител и твојот родител господине македонец, твојот со факултет, мојот земјоделец. За една генерација и нам ни треба динамика на образование која дозволува тоа што декларативно го кажуваме интеграција во сите овие европски земји. Време на ИНТЕРНЕТ. Праксата покажува дека тоа образование на мајчин јазик ги подобрува и бројките. На пример 7-8% 1991 година ученици албанци во средно образование беа прифатени Кога се отворија училиштата односно паралелките на мајчин јазик денеска 1997 година стигнавме до бројка 48% опфатени. Токму затоа што се овозможи образование на мајчин јазик. Зошто сега се зборува за образование имаме луѓе кои прават драма. За жал, луѓе кои академски доктори на науки, итн. сакаат така некои луѓе изгледа се родени без разлика што имаат титули родени да создаваат екцеси, проблеми, драми, во оваа држава. И ние ги поддржуваме за жал и младата генерација се залетува затоа што сеsинтересни, како што реков многу романтични, национална романтика, тоа е многу интересно. Што бараме ние? Ние сме тие умерени признаваме умерени сме екстремисти кои сакаат, како се викаше Криволак, нека си одат таму, нека се испотепаат, нека дојдат и од странство, нека ги гледаат како, но се сомневам не се ни за тоа.

Дали ние како албанци имаме фер однос кон вас господа македонци сега затоа што денеска велам кон вас господа македонци затоа што темата е меѓуетнички односи. Кога е меѓуетнички односи, значи македонци, албанци, турци, власи, срби, роми, бошњаци. Велат во РМ социјални проблеми, економски проблеми и тн. Зошто? Затоа што со комшиите, соседните држави проблемите не ни се најдобри. Оваа Влада, овие наши партнери можат и благодет да донесат набрзина во оваа држава, но едно треба да прават, да го менуваат името на РМ, само кажи

го менувам името Грција едвај чека ќе инвестира знаете како, меѓутоа, треба да се истрае на нешто што е, сепак дали имаме консензус? Имаме. Од каде е тој консензус? Точно од нас.

Со Република Бугарија исто така. Зошто еквидистанца, проблеми итн. Затоа што тие бараат и вие многу добро знаете и академци знаат што бараат. Кога ќе им се рече дека па добро како што ќе велите вие ние се признаваме, тогаш соработката, охо, ќе биде многу добра. Тоа се проблеми кои се рефлектираат веројатно и во економските проблеми, а и во меѓуетничките проблеми. Е, добро сега, ние како албанци, имаме еден консезус, имаме фер однос кон тоа, што е ваша нација, јазик и се. Со што заслужуваме сега некој да ни извикува гасни комори, јазикот ваш таму и тн. и тн.

Морам да ви кажам пробајте, нека пробаат тие што не се тука и тие што се тука нека пробаат да не бидат националисти многу е убаво. Да се надминат себеси тоа е многу убаво. Јас понекогаш и ќе ја завршам мојата дискусија си велам господе мој фала ти многу, благодарам што не припаѓам на групација ни политичка ни партија која ускратува права на другите. И тука се чувствувам многу среќен.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Филиповски.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван премиере, почитувани пратеници, министри и почитувани гости.

Многу е тешко по овие две излагања да се земе збор, бидејќи јас многу тешко ќе ја достигнам театралноста на господинот Рамадани и емотивноста на господинот Вангелов, но ќе се обидам на свој начин да ги искажам своите размислувања токму и исклучиво на темата која е денеска на дневен ред.

На самиот почеток сакам да истакнам дека ако господинот Рамадани се обиде да докаже дека протестите на средношколско - студентската младина се без преседан во една земја не навлегувајќи во мотивите и начинот, за тоа подоцна ќе се изразам, тогаш јас едноставно ми се постави едно сериозно прашање на кое во овој момент немам одговор дали не е преседан што пратениците на најбројното национално мнозинство во Република Македонија не гласаа токму за Законот кој денеска има обиди да го бранат и кој овозможува студирање на националностите на Факултетот кој е еден од значајните поводи за ситуациите и еве доведувањето на дневен ред ќа оваа точка денеска на Собранието. Веројатно дека тој одговор ние нема да го добиеме денеска ниту денеска ќе надминеме многу од прашањата кои се поставуваат.

Ја сакам само да ве потсетам дека на почетокот на 90-те години национализмите кај народите и малцинствата во Централна и Источна Европа жестоко го покажаа своето неубаво лице и тогаш се добиваше еден впечаток дека историјата се повторува, бидејќи проблемите на малцинствата во XX-от век водеа кон две светски војни и повеќе локални судири. И не случајно тогаш се предложија низа декларации, пред се Декларацијата за малцинствата, а нешто подоцна 1994 година и Рамковната декларација за заштита на националните малцинства која ја ратификува овој Парламент.

XII/6

Според логиката на тогаш забрефтаните национализми Република Македонија требаше да биде земја со која ќе продолжи процесот на дезинтеграција на невралгичниот Балкан. Меѓутоа, токму овде во Македонија тој процес запре, бидејќи низ историјата нешто што не се согласувам да речеме со неколку дискутанти пред мене, кај нас немало меѓуетнички судири, а рамноправната положба на малцинствата и националностите според Уставот останаа една од јасно зацртаните и остваруваните начела.

Сериозните напори на државата за подобрување на квалитетот на животот на националностите и натаму претставуваат фактор за олеснување на соживотот на македонскиот народ и националностите, односно за намалување на повремените меѓуетнички тензии за нивно решавање во рамките на институциите на системот.

Дозволете ми да потенцирам дека во Република Македонија каде правата на малцинствата и според моето длабоко убедување се над меѓународните стандарди, а тоа ќе се обидам низ повеќе примери да го аргументирам и покрај повремените меѓуетнички тензии посебно предизвикани од екстремни и нереални барања кои во основа немаат поткрепа во меѓународното законодавство ниту законодавството на Република Македонија, особено со албанската како најбројна националност во практика дејствува духот на толерантност и дијалог.

Почитувани пратеници, имајќи ги предвид повеќето документи кои спаѓаат во редот на меѓународната легислатива за заштита на правата на малцинствата, во принцип политиката која ја водат државите во однос на малцинствата може да биде класифицирана во неколку типови и тоа:

- Држави кои го негираат постоењето на малцинствата нацијата ја прогласуваат за етнички чиста. Тоа е политика која континуирано ја води нашиот јужен сосед - Грација и во основа постојано на штета на македонците кои живеат таму.

Само да се потсетиме на разните декрети, забрани, изземања на Универзитетот "Кирил и Методиј" од Скопје од листата на институции чии дипломи ги признава.

Понатаму, држави кои заштитата на правата на малцинствата кои ги признаваат ги ставаат во рамките на заштитата на човековите права и слободи подеднакво за сите граѓани. Тоа е политиката која успешно ја води Република Македонија и која на државата и обезбедува високо место во хиерархијата во државите во поглед на успешното водење на политиката во делот на меѓунационалните односи.

Само да се потсетиме според Законот за политички партии во Република Македонија актуелно делуваат 12 политички партии на националностите. Ова го истакнувам како позитивно само од аспект на учеството на националностите во јавниот политички живот во земјата, инаку јас и натаму сметам дека политичкото организирање на национална основа никаде, па ни во Македонија на долгорочен план не води кон добро. Примери за тоа има многу и јас лично сметам дека токму тој факт во Република Македонија најмногу придонесува за основното недоразбирање, односно поттикнување на колективните права кои во основа ги загрозуваат индивидуалните права на човекот и водат кон дезинтеграциони процеси и кон радикални нереални барања на некои партии за кои подоцна ќе се произнесам.

Во државите со негативна политика кон малцинствата глобално се оние кои не признаваат посебна етничност и оние кои водат политика на насилна асимилација.

XII/8

За да можеме реално да ги оцениме условите под кои се води политиката на планот на меѓunационалните односи во Република Македонија, ќе споменам само некои мерки и активности насочени токму кон македонското малцинство во некои соседни земји, а имајќи ја предвид иницијативата на Претседателот Глигоров за компаративна студија за правата на малцинствата на Балканот која целосно ја поддржувам. Имено, систематското и природно раселуваше кое има за цел дисперзија на припадниците на малцинствата низ земјите и намалување на нивните права. Така во Албанија под паролата "За индустријализација" голем број припадници на малцинствата, вклучувајќи го и македонското биле преселувани во внатрешноста со цел за полесно асимилирање. Со декрет од 1979 година се овозможуваше интернирање на оние кои претставуваат опасност за општествениот систем. Во Бугарија со посебен закон за народна милиција е овозможено административно казнување без судење, што се користеше за присилно преселување на цели семејства на македонците од Благоевградскиот округ во други делови на земјата.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:** (продолжение)

Менувањето имиња на припадниците на малцинствата и населени места е често користена метода која имала за цел, денационализација.

Наспроти ова, со постојното законодавство на РМ обезбедено е правото на фактичко и правно право на секој поединец да се изјасни како припадник на малцинство, правото на малцинствата на непречен економски, политички и културен развој, правото на етничко постоење и употреба на сопствениот јазик и култура, користење на јазикон на малцинствата во контактите со административните власти во подрачјата каде малцинствата ги има во значителен број, право на припадниците на малцинствата, на настава на мајчин јазик, во согласност со меѓународното законодавство, со правниот систем и образовната политика на земјата, право на малцинствата да ја изразуваат својата вера и право да живеат во општество во кое е спречено дејствување и пропагирање на верска, расна или етничка нетрпеливост, омраза и др.

Почитувани пратеници клучно прашање во еманципацијата на правата на малцинствата и во РМ е како да се постигне интеграција на малцинствата во општеството, како да се надмине веќе воспоставената пракса, ние бараме вие ни давате, бидејќи тоа мора да прекине затоа што е несвојствено за една демократски - плуралистичка држава. Ние мораме доследно да останеме на принципот на заштита на индивидуалните права на припадниците на малцинствата а не на права на малцинствата како колективни ентитети.

Јас посебно ќе потенцирам дека од меѓународните акти произлегуваат, ниту овде во Македонија можат да поминат барањата за колективни политички права кои секогаш водат кон автономна самоуправа, кон дезинтеграција, територијална автономија, која

повторно на индиректен начин се наметнува, посебно за веќе споменатите Тетово и Гостивар и кое единствено може да се толкува како ненадминат национален романтизам кај некои политички репрезенти на албанската националност, токму во времето кога РМ цврсто чекори кон Европа. Се разбора ваквите појави на народот се сфаќаат како обид за наметнување на партнерски однос на двор од уставните норми и законските решенија, она што на самиот почеток го реков, неможност да се утврди една линија до која можат колективните права да се утврдуваат надвор од правата на секој поединец во РМ, независно од тоа дали припаѓа на македонскиот народ, или е припадник на одредено малцинство.

Почитувани пратеници, јас ја поддржувам и потписник сум на предложената декларација како потврда на досегашниот курс на РМ во водењето на политиката во делот на меѓународните односи. Сметам дека во неа е содржана демократска и прогресивна ориентација која е најдобриот пат да се релаксираат меѓународните тензии. Треба да се заложиме сите ние, меѓународните односи да не бидат постојано дежурна тема која ќе се вади за политички цели. Јас сум свесен дека оваа теза ќе има многу противници, бидејќи ако така се постапи, оние кои постојано во политиката во РМ опстојуваат, подгревајќи меѓународни конфликти, немајќи што друго да понудат ќе бидат приморани да се симнат од политичката сцена. Дури и тогаш ќе се сфати дека и постојаното држење на отворената тема за таканаречениот тетовски универзитет, за регионализацијата на државата, за наметнувањето на партнерски односи, за злоупотребата на децата за политички цели биле само времено користена можност за да се опстојува на политичката сцена, не мислејќи долгорочно ни на интересите на оние кои ги подгреваат таквите состојби.

Во оваа прилика сакам да спомнам дека припадниците на малцинствата, според меѓународното законодавство, бидејќи ние многу често зборуваме за правата, а толку често тоа го злоупотребуваме и од оваа говорница, имаат и обврски, пред се, да бидат лојални граѓани кон државата во која живеат , да не го загрозуваат нејзиниот национален суверенитет, територијалната целокупност, политичката независноста и меѓународниот углед на земјата.

На крајот сакам и лично да упатам апел до младите да го прекинат штрајкот со глад, пред се заради загриженоста за нивното здравје, не навлегувајќи во нивното уставно загарантирано право да протестираат на таков начин, бидејќи и јас сум длабоко убеден, како и сите овие кој пред мене зборуваа дека излезот единствено може да се бара низ институциите на системот.

Бидејќи, покрај донесувањето на декларацијата и јас сметам дека треба да се донесат некакви заклучоци, би предложил, една делегација која би била составена од претставници на политичките партии кои учествуваат во работата на Собранието на РМ да отиде кај младите кои штрајкуваат со глад и да им ги пренесе заклучоците, да им ги пренесе ставовите на ова Собрание и да го пренесе апелот за прекинување на штрајкот со глад.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тие имаат тука претставници.

Има збор г-динот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, дами и господа пратеници, почитувани млади наши гости,

Најпрвин да искажам едно свое мислење дека сум фрапиран од она што го слушнав на почетокот на нашата седница и тие реплики меѓу двајца наши, да речам, добри пријатели, добри политичари. Веројатно

граѓаните на РМ што ја следат оваа седница се потсетија на првите денови од создавањето на оваа Суверена независна Република Македонија кога овде во Собранието биевме битка за прифаќање на Уставот од Уставната комисија, на одредени амандмани, на одредена спротивности донесувањето на Уставот каде што доминираат прашањата на припадниците на националностите.

Бидејќи и во првото свикување бев пратеник, овде гледам доста мои колеги кои исто така беа пратеници па многу сум вџашен од она што се случуваше и се случува по улиците на градот Скопје и другите градови во РМ, собири на нашата младеж, наши деца, наши ученици, наши студенти. Понатаму каков противтежа собир на друго место каде што, приликом прославата за победата на градоначалниците се извикуваа како противтежа и други пароли со други знамиња итн. што сметам дека секоја акција заслужува и реакција. Мислам дека секој од нас, а поготово нашата младеж малку треба да се засрами, вонпарламентарните партии односно нивните лидери и да речам поодважни луѓе, посетувајќи ги и охрабрувајќи ги, да не спомнувам од вероисповеста некои луѓе, има дадоа повод уште повеќе да искалираат во своите размислувања, па дури, нека ми прости младово девојче што е воде, мислам дека она ова го рече, радосен ќе бидам ако погрешно сум ја сватил -"ако треба и ќе се тепаме". Со кого? Во 21-от век срамота е за нас како членки на ООН и на сите други меѓународни институции, една земја која што е пофалена во свет, една земја која што го постигнала својот суверенитет и независност на многу мирен начин, полна со дипломатии и разбирања, во која живеат еден грст луѓе и ако дојде до нешто лошо не ќе се знае кој на кого ќе сврти грб и пушка, овде да се слушаат такви работи.

Цел свет знае дека ние сме во една голема тензија. Која од земјите од југоисточна Европа не е во таква тензија. Каде се користат

капацитетите релативно добро за да може народот да живее добро. Кад, кажете ми? Каде се средени меѓунационалните и меѓуетничките односи, каде има задоволство во изобилие?

На еден состанок кај заменикот на генералниот секретар на ОН овде во нашата држава, г-динот Хенри Сокалски , пред да се појават овие лошотии кај нас, човекот праша, дали она што се случува во Белград, Софија и Тирана ќе има одраз и овде во нашата земја. Повеќето од присутните тврдеа дека нема да има. Јас реков ако мечка игра во комшиите ќе дојде и во нашата авлија. Меѓутоа, можеби, по друг однос, истиот повод нема да биде. Се случи тоа што се случи тоа што го гледавме, се гнасевме од него .

Како тоа човек да не смее да помине пред Собранието. Како тоа низ улици да не смее да помине кола. Па оваа мала држава наша одвај ја создадовме, или навикнавме да бидеме од петвековно османлиско ропство, навикнавме да бидеме Вардарска бановина и навикнавме да живееме под наездата на фашизмот, германската италијанската и бугарската фашистичка војска. Тоа ли ни треба на нас, или во краен домен да бевме протекторат на ОН, затоа што не знаеме како да ја правиме државата. Тоа ли ни требаше. Тогаш ли ќе чутевме и што ни кажа постариот брат односно она што ќе ни го кажат другите тоа ќе го спроведеме и така ќе живееме? Дали сме свесни, дали нашиот народ е свесен, дали нашите вонпарламентарни партии и партиите во Парламентот знаат дека нашите донаторски конференции кои што ги имаше две или три по ред, не успеаа, не заради тоа што луѓето не сакаа да ни помогнат, туку заради тоа што немаа доверба во нас. Токму пред тие донаторски конференции тие пропатуваа како орбија низ САД, Канада, Австралија и други места. Зарем шират нешто добро за РМ и за оваа актуелна власт. Не. Сигурно зборуваат нешто друго. И влеваат

сомневање заради изостанување на тој пласман на средствата овде односно на донации.

На една конференција, состанок на Комисијата за надворешна политика го поставив тоа прашање на еден член од Владата, на г-динот Јане Миљовски и моравме да ја исклучиме и јавноста за одговорот. Да, сето тоа влијае , ова незадоволство што е внатре во Републиката и се вели дека дежурен кривец е Владата, зошто ако дојде друга Влада, сигурно со чаробно стапче се ќе реши. Интересна работа. Сигурно критиката сериозно треба да дејствува .

Дозволете ми, јас прв пат откако сум пратеник овде, дитирав една работа што морам да ја прочитам. Ве молам да ме ислушате.

- Почитувани дами и господа иако со задоцнување, сепак добро е "во последен момент" како што некој тоа го кажува да се состанеме во нашиот законодавен дом, па и во присуство на претставници на опозицијата , некои други невладини и непартиски организации мислав дека ќе дојдат господата надвор од Парламентот, студентските и ученичките претставници, што апсолутно го ценам како исклучиво корисно за да расправаме за доста девијантни помали или поголеми состојби во повеќе сегменти на живеењето, да расправаме за најжешката и најосетливата тема која според мене би била меѓунационалните, меѓуетничките, внатре етничките и комшиските односи во РМ. Во контекстот на овие збивања дозволете да го кажам моето мислење, мислењето на партијата чиј претставник сум овде, а се надевам моите ставови и мислења да бидат израз на повеќе граѓани од РМ кои по своја волја контактираат со мене, ми даваат свој суд за настаните, без разлика на нивната национална, верска, партиска и јазична припадност.:

XIII/7

1. Настаните со студентските и ученичките штрајкови и демонстрации, како и доста добар дел од повозрасните, било да се од незадоволството за донесениот закон за употребата на јазиците на националностите, кое служеше само како камен за спотицање, било да се од состојбите со апашлукот спрема недолжните граѓани, штедачи, за нас како пратеници , како легална Влада и целото раководство претставува голема и тоа апсолутно голема опомена која треба и мора да се сфати како еден "добар земјотрес" , за да ги отвориме очите, ушите, срцата и нашата потсвест, бидејќи дестабилизацијата на земјата на земјите од Балканот, во последните шест месеци од прилика почнаа на ист начин , со разлика што ние сме најмладата држава која на мирен , достоинствен и полн со разбирање начин, со голема флексибилност, дијалог и толеранција,без војна, дојде до формирање на државата , влезе во ОН и сите други европски многу важни институции.

Се разбира, некои држави излегуваат на море. Ние не излегуваме на море и за тоа тие се во предност. Албанија го има Јадранското море, Бугарија исто така на исток излегува на море, на север малку пловни, на југ од каде што можевме многу корист, ништо и нормално нашите капацитети ќе мора да бидат затворени. Мораше многу работници да излезат од фабриките. Немаме компатибилни капацитети, немаме компатибилно производство, нашата цена на чинење е многу голема и според едни пресметки од еден меѓународен весник од Цирих, ние како држава во кумулативна смисла, се што извезуваме надвор, нашите 100 денари се повраќаат назад 71,7%. Тоа значи за- губа, заради тоа што не сме компатибилни во многу работи со запад. Сакам да биде ова отповргнато ако има друго мислење и ако грешам односно ако грешат луѓето од запад.

XIII/8

Почитувани колеги и гости, се ова кажано во глобала најмалку не можеше да се замисли ако не знаевме, со нашето осамостојување, дека ќе имаме четири граници и создавање на наша сопствена војска, дека ќе мораме да имаме наша полиција која ќе требаше радикално да го иземни својот начин и приод кон решавањето на големите работи кои се од нејзин маштап, дека ќе имаме воспитно образовни институции во системот, во сите степени на образование, дека ќе ги имаме уште малку сите други ресори кои што се компатибилно на западните и тоа од Републиката па се до единиците на локалната самоуправа, дека пазарното стопанство и предприемаштвото ќе предизвика затворање на фабрики со стара технологија, бидејќи во никој случај европскиот и светскиот пазар во услови на голем степен на модернизација нема да ја толерира нашата цена на чинење, несовршен дизајн, неквалитет и несоодветност во рокот на испораката на производите.

Уште во поранешна Југославија, иако ги имавме нашите внатрешни пазари за пласман, во кумулативна смисла нашето индустриско производство од година во година опаѓаше. Зошто сега сме нападнати дека сега опаѓа производството. Тоа опаѓаше наназад, 15-20 години. Опростете ми јас имам податоци. Знам дека ова и вие го знаете, ако знаете поинаку кажете, јас имам податоци.

Сето тоа услови, при услови на приватизација отпуштање на затекнатото од порано превработување, ликвидација на одделни фабрики во земјата и тоа големи гиганти, отпуштање на принуден одмор најголем број на вработени и тоа заради неможност на пласман на производството, а по барање на други патни правци по заобиколен пат кои ја зголемуваат и така големата цена на чинење, нашите производи имаа многу голема цена и немавме голема корист од тоа.

XIII/9

Не сакам да ја свртам дискусијата во друг правец, но ваквата ситуација сигурно ја знаат и другите вонпарламентарни партии и партиите во Парламентот, но зависеше и зависи, ваквата состојба на кому му користи и какво теоретско и практично објаснување дава, а очигледно дежурен кривец се партиите на власт, вие министрите и претседателот на Владата и Парламентот.

Ако немаше и нема внатрешни неправди и роварења, ако на време и доста радикално, со голема имешност, дијалог, флексибилност, толеранција, се искажаа внатрешните состојби, верувам дека состојбите ќе беа поинакви.

XIV/1.- СС-ВБ

**ФАИК АБДИ:** (Продолжение)

Имено, операционализацијата со донесувањето на закони, засновани на Уставот на членот 7 и 48 од Уставот на Република Македонија изостанаа и еве имаме за расправа една до најжешките теми.

Ваквите теми може да бидат "буре со барут". Една единствена искра може да предизвика, недај боже граѓанска војна.

Јас знам,уште при првото пратеничко свикување, при конструкцијата и донесувањето на Уставот на Република Македонија, тогашната парламентарна опозиција беше апсолутно против сегашната, односно тогаш предложената и усвоена преамбула на Уставот како и против членовите 7 и 48. Од друга страна во гласањето за Уставот апстинираа другите, албанските партии, барајќи нешто, што би се рекло недозрело, од други, а кое беше старо на Балканот од многу поодамна, кое се сметаше и се смета за рак-рана.

Иако јас се воздржав при гласањето за Законот за јазиците на националностите на Педагошкиот факултет во Скопје, цдоцона, со поголемо внимание на членот 48 од Уставот на РМ, последниот став каде националностите имаат право на образование на мајчин јазик во основното и средното образование каде обавезно се учи македонскиот јази,, дојдов до заклучок дека на тие деца им треба наставно-воспитен кадар кој мора да има два степена повисоко образование за да можат учениците да се здобијат со соодветно знаење и подготвеност за повисоките школи и факултети, но Деканатот и Сенатот мислат поинаку, студентите исто така, дури и малолетните во скоро сите градови. Од почетокот со разни недолични пароли што беа доволно изнесени овде и можеа да ја донесат лошотијата во земјата.

Сметам, бидејќи тоа лице во лице го гледаа сите граѓани на РМ, сите партии, па дури некој од партиите бараше помош од таксистите да ги дочекаат децата во Горче Петров да ги донесат во Скопје и да ги вратат во Горче Петров и после со автобус да ги вратат назад во Тетово и Гостивар.

XIV/2.-

Не е точно дека не се инволвирани децата односно нашата младина. Беа инволвирани и тоа доволно. Како одамнешната опција во овие моменти, антиреакција младежот од другата страна се јави со слични контрамитинзи и пароли, ја прославуваа својата победа и извикуваа разни пароли итн. Многу познати работи.

Нашата младеж од двете страни е скоро затруена. Јас сум убеден дека и кај едните и кај другите постои страв, не големо јунаштво. Кај едните дали е загрозен националниот суверенитет, идентитет па и индивидуалитет на Македонците и Република Македонија, дали западниот дел на Македонија ако се почне најпрво со јазикот, па потоа Тетовскиот универзитет, локалната самоуправа итн. нема да се автоматизира дали еден ден нема да дојде до отцепување?

Кај другата страна постои страхување дали лека-полека нема да дојде до намалување на јазичните права и постепено губење на истите, дали со тоа ќе се врати на старите занаети, како на пример дрвосеча, чистач итн.. Па, дали ќе доминираат над сите само Македонците како најквалификувани, најписмени и најпогодни за управување за бизнис и политика па макар да се по број доста од нив и во општините каде што повеќе живееме? Дали развојот ќе биде успорен, а успорен развој во политиката се вика апартхеид.

Дали до тоа може да дојде?

Сметам дека излез од оваа ситуација треба и мора да има затоа што целиот свет знае дека во првите четири години сите пратеници дадоа се од себе си за еден мирен соживот, а можни се и беа немирите само таму каде што има лоши луѓе. Значи, имаме лоши и добри луѓе. Така треба да го поставиме. Зарем бевме без очи, опростите на овие зборови и без сетила, да ми простите, па да не видиме што се се случуваше во Словенија, Хрватска и незапамтено во Босна и

XIV/3.-

Херцеговина? Зарем тоа го сакаме? Зарем оваа млада и распарчена Македонија е осудена само над она ропство османлиско и она што го реков пред малку во своето излагање. Зарем сакаме истото да се повтори, да ги загубиме постарите, средовечните, младежта, децата, внуците па и паравнуците и потоа да пишуваме истории за некоја генерација и поединци, а некои да магистрираат или докторираат на овие теми? Многу лесно може оваа работа да се обистини.

Си поставувам прашање самиот на себе си и на сите вас присутни на целиот македонски народ односно нација, во глобален смисол, а тоа значи Македонци по род на Албанците, Турците, Ромите, Власите, Србите, Муслиманите и сите други, дали Република Македонија не може да опстане како држава и дали Република Македонија не може да биде нешто друго освен што е Република Македонија?

Ако седнат сите политички субјекти и македонски и албански, ромски, турски, влашки, српски , муслимански во присуство на претставници ако треба и од надвор односно УНПРЕДЕП, ОБСЕ па потоа претставници на непартиски, невладини организации, младината, студентите па да се договорат под еден, од никој аспект, со никаков акт или влијание не смее да има посегнување по суверенитетот и целокупноста на Република Македонија, нејзиниот територијален интегритет, со никаква поинаква цел, како на пример загозување на никого, особено заради неговата национална припадност.

Под два, од рамноправноста на Македонците со припадниците на националностите, односно националностите во Македонија и нивните колективитети кое произлегува од Законот за ратификација на Рамковната конвенција за правата на малцинствата, односно кај нас националностите што ќе биде максима за соживот, прекинување на штрајковите на младата генерација да треба доследно да се замени, да

не замени нас особено  штрајкот со глад, значи да повторам, од таквата рамноправност никој никогаш не треба да се плаши. Немирите можат да дојдат само од нерамноправност.

Под три, ако овие немири престанат, ако не одиме по туѓи врати да тропаме и да се жалиме, со право или не, затоа што политиката се кове овде внатре во Република Македонија каде и се спроведува, тогаш рејтингот во Македонија ќе се поврати, а тие што сакаат да ни помогнат сигурно ќе го сторат тоа . Развојот и модернизацијата на капацитетите како и пласманот на капацитетите ќе добијат свој нормален тек, а бројот од 240 илјади и повеќе невработени сигурно ќе се намали, а тоа значи влегување во европски интеграции, а вие од опозицијата, односно сите партии на изборите подгответе се со најголема умешност, рејтинг, вашите програми за развој на политичкиот и економскиот систем и се она што ја следи парламентарната демократија, дијалогот, толеранцијата, флексибилноста, почитување на правата на човекот и граѓанинот, а најповеќе водете сметка за меѓуетничките и меѓунационалните односи, па почитување на граѓаните, тие нека се определат за кого ќе го дадат својот глас па тие партии нека бидат во Парламентот. Нека се земе примерот од една Америка, така велам многу лесно од една Америка, каде актуелниот претседател ги праќа на мировни мисии своите претходници. Замислете колкава демократија и колкава култура. Кај нас тоа го нема.

Би сакал пред сите вас да искажам една голема загриженост за една ситуација што се случи пред 10 години во оној друг систем и тоа беше во Србија, токму расправајќи се на линија на меѓунационалните односи, 7 војници мртви итн., не сакам тоа да го повторам, еве чукам, ги повикувам сите да се научиме поука да земеме од тоа и поука од она што се случи во Босна и во другите Републики, во другите држави.

Вие младите не е лошо да се воздржите малку и исправно оценете ги тие што доаѓаат кај вас, затоа што сметам нашите студенти ниту малку не се небулозни или руиментирани. Сигурно знаат да направат јасна дистинкција што е добро а што е лошо и ќе дојде време вие ќе бидете во овие парламентарни клупи. Таман работа ако така размислувате за опстанокот на оваа толку напатена и измачена земја Република Македонија, на сите кои што живеат во неа.

На крајот, дозволете ми да верувам дека и вие и граѓанството во Македонија ќе ги разбере овие зборови и нема да сфатите дека зборува пратеникот од ромска партија, туку пратеник од Парламентот на Република Македонија кој во прв ред се ангажира за благодетот, мирот и слободата на Република Македонија, нејзината очекувана благосостојба и среќа, а внатре во таа благосостојба и среќа се содржи и мојата и вашата и на секој граѓанин.

Еве, Македонија очекува од сите вас, млада господо, да пружите рака на вашите колеги, бидејќи овде се зборува за Албанците, за Ромите не сакам ниту да спомнам, сигурно еден ден и за Ромите ќе разговараме и за Турците и за другите кои живеат овде, рано е уште. Веројатно еден ден дали ќе се побуните ако се отвори лекторат на Филолошкиот факултет, лекторат за да имаме кадар стручен за да можат да ги учат децата на факултативна основа по еден час основците, а вишите одделенија по два часа неделно да го разбираат фактот зошто учат за да нема осипување за да нема социјални проблеми затоа што во прво одделение се запишуваат да речеме 20-25 паралелки, во осмо останува само една паралелка. Тоа значи социјални проблеми и вие сте тие кои треба да им помогнете. Овој Парламент и оваа Влада донесе закон, јас го имам Службениот весник на Република Македонија на Владата според кој се кажа точно колку часови, каде и колку и верувам еден ден, вие млади студенти и ученици на Македонија ќе се сетите на овие зборови и

верувам дека знаете дека пред некој ден поднесов барање за ослободување од функцијата за претседател на Партијата на ПЦЕР поради тоа што млада треба да дојдат да се калат и верувам дека кај сите партии тоа ќе се стори. Ќе дојде нов кадар "Реки од живи пробудени сили" како што вели Кочо Рацин и најверојатно ќе има разбирање меѓу нас за да може оваа млада држава, мала, полна со националности да има рамноправност и да има разбирање помеѓу себе си а никако хегемонија, една нација врз друга Хегемонијата е многу лоша работа. Хегемонијата никој не ја прифаќа. Еве ќе ви кажам дека од 21 до 24 или 23 овој месец ќе бидам во Букурешт, Европа ќе расправа за Ромите, јас сум претставник на Ромите од Република Македонија, ќе бидат 89 делегации, делегати по прашањето на влегувањето на Република Македонија во ОН, нашиот став е многу познат. Тој ист став ќе се повтори и тоа што е постигнато затоа што не беше лесно во тие бурни четири години од создавањето на оваа држава, Република Македонија овде да се седи до сабајле до 4 часот. Ни најмалку не беше лесно. Затоа, сите тие пратеници заслужуваат големо внимание, заслужуваат заради тоа што се уставотворци и го прогласија Уставот на независна Република Македонија.

Благодарам на вниманието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Господине претседателе, господа потпретседатели на Собрание, господа министри, почитувани колеги,

Јас ќе бидам краток и ќе зборувам за матичниот збор доверба кој одбегнуваме или го спомнуваме многу ретко.

XIV/7.-

Мислам дека доверба е клучниот збор за меѓуетничките и меѓунационалните односи во Македонија. Без него ние не можеме да разговараме, не можеме да ги решаваме така битните прашања од нашите односи.

Кога зборуваме за меѓуетнички, меѓунационални односи, неправедно се осврнуваме само на односите со Албанците. Ние тука живееме со многу, многу други групи, заедници, националности. Тука се Србите, Власите и сите други кои живеат во оваа мала земја.

Во своето обраќање ќе се осврнам на еден фактор за кој сметам дека е многу битен, како што реков, односно клучен за односот меѓу Македонецот, Албанецот и за сите тука националности и етничките групи кои живеат во Македонија. Тоа е односот на заемна доверба, бидејќи ценам дека таа доверба ја нема, односно одамна уште од првите настани во Тетово, некои веќе се сеќаваат на тие шеесеттите години, во голема мера е нарушена односно изгубена. Не сум песимист, да се разбереме.

Зошто Македонецот нема доверба во Албанецот и неговите добри намери за заеднички живот? Нека се сфатам дека Албанецот е синоним на сите оние кои живеат во Македонија како националност, како етничка групација.

Македонецот не верува затоа што Албанецот во еден подолг изминат период, преку мотото добивање свои права практично гради албански паралелни институции во државата Македонија. Универзитетот во Тетово е непобитен факт.

Албанецот, наталитетот во подолг период го стимулира, а зошто ако не за да ја измени демографската карта на Македонија. Наталитетот на Албанците е на врвот на европските и светски показатели.

Албанецот не ги почитува симболите на државата во која живее, не го почитува знамето на Македонија, не ја почитува химната на Македонија. Во многу поводи истакнува знаме и интонира химна на туѓа држава.

XIV/8.-

Се додека Албанецот декларативно изјавува дека Македонија е негова држава а тоа не го докажува, Македонецот нема да има доверба во него. Јас барем така мислам.

Зошто пак сега Албанецот нема доверува во Македонецот?

Голем дел на Македонците, за жал, сеуште не сфатиле дека Албанците биле, се и ќе биде наши сограѓани со кои треба заеднички да се живее.

Албанецот нема доверба зошто Македонецот сеуште не ја отворил до крај вратата за вработување воопшто, па и за вработување млади стручни кадри во сите сфери на животот. Јас се гордеам со тоа кога ќе видам дека е Албанец на правото место. Би сакал да видам многу Албанци во армијата, во полицијата, во државата.

Алабанецот нема доверува во Македонецот зошто мисли дека неговите права кои произлегуваат од меѓународните конвенции Македонецот му ги ускратува.

И тоа би било така кој кому верува и кој кому де верува. Меѓутоа, факт е еден непобитен и тоа го напомнав дека Македонците и Албанците треба конечно и сите други националности не сакам да ги исклучам, реков, да сфатат дека Македонија е заеднички дом за живеење на Македонците и на сите националности и етнички групи.

Да кажам и тоа дека довербата е човечки квалитет што не се текнува наеднаш и само еднаш за секогаш. Довербата е човечка особина која секојдневно се докажува. Ние треба таа особина да ја докажуваме секојдневно. Ако и Македонецот и Албанецот и било кој друг кон оваа доверба со добра намера ја градат заемната разумна доверба без залудничави национални страсти и идните генерации за тоа ќе ни бидат благодарни.

XIV/9.-

Истовремено не треба да се заборави фактот дека Македонците, Албанците како и останатите националности кои живеат во оваа земја, Македонија, сите свои права треба да ги остваруваат само преку институциите на оваа дражва. Тоа е таа правна држава, што велат другите. Така постапувајќи сите ние ќе докажеме на целата светска заедница која многу пати беше спомната дека сме држава која може и знае сама да си ги решава проблемите, а не проблемите понекогаш да ни ги решаваат некој "белосветски медијатори". Се извинувам за овака престрога оценка кои наместо проблемите да ни помогнат да ги решиме уште повеќе ги усложнуваат.

Мислам дека довербата е главен збор, и треба многу околу тој збор да размислуваме.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, сакам да ви предложам вечерва да завршиме со расправата бидејќи има пријавено 17 дискутанти,уште 17'дискутанти.

Да продолжиме утре во 11 часот.

(Седницата прекина со работа во 19,15 часот).